# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Осумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржани на 20 октомври 2004 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници бидејќи сме 43 запишани дека сме присутни, да ја поминеме формалната процедура и да продолжиме со работа по Осумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Рафет Муминовиќ, Мите Николов, Ванчо Георгиев, Трифун Костовски, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Љупчо Балковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Коце Трајановски, Сашко Кедев, Орданчо Тасев, Али Ахмети, Ганка Самоиловска-Цветанова и Мендух Тачи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Вчера прекинавме на точката 16 - Предлог за донесување на закон за прекршоци.

Претресот по предлогот за донесување на закон е заклучен.

Треба да гласаме по заклучокот, а како што ве информирав досега вкупно пристигнати пратеници и потпишани се околу педесетина, што значи дека ние и објективно не можеме да направиме кворум.

Пауза до 10,30 часот.

(Пауза од 10,05 часот.)

(По паузата седницата продолжи со работа во 10,35 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници,

Во салата се присутни 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за прекршоците.

2.Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон за прекршоците при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3.Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 59 пратеници. 58 гласале за, 1 воздржан, нема против, а во салата во моментот на гласањето беа присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Се враќаме на точката 10 - **Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за пригодни ковани пари, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за пригодни ковани пари.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 57 пратеници. 55 гласале за, 2 воздржани, нема против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници. 60 гласале за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на закон.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 59 гласале за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за пригодни ковани пари.

Минуваме на точката 17 - **Предлог за донесување на закон за политичките партии, со Предлог на закон.**

Предлагач е Владата на Република Македонија, Министерството за правда.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменикот министер за правда Тања Алтанџиева.

ТАЊА АЛТАНЏИЕВА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Донесувањето на нов закон за политички партии произлегува пред се од потребата за натамошно доградување на определени прашања кои што се од значење за работата и дејствувањето на политичките партии. Ова се наметна пред се како потреба заради слабостите при практичната примена на Законот, а се како и заради компаративните искуства во регионот.

Она што е особено важно исто така треба да се напомене дека и според акциониот план за спроведувња на препораките од извештајот за стабилизација и асоцијација на Европската комисија за Република Македонија од минатата година, за финансирање на политичките партии е предвидено донесување на нов закон односно финансирањето на политичките партии да се регулира со посебен закон. Заради тоа ова претпоставуваше бришење на одредбите што се однесуваат на делот на финансирањето во постојниот закон за политички партии, заради што се наметна и потребата од страна на Министеството за правда како предлагач, односно Владата на Република Македонија да предложи донесување на нов закон за политичките партии.

Иако ова е нов закон, се оди во скратена постапка, со предлог за донесување односно за расправа на оваа седница и Предлогот на законот бидејќи предложениот текст на Законот за политички партии во однос на последниот закон во суштина ја задржува истата содржина, меѓутоа скоро на сите одредби има предложено определени измени и дополнувања кои во основа произлегуваат како резултат од досегашната примена на законот, но и врз основа на мислењата на субјектите кои што се непосредно поврзани со примената на овој закон, а сепак се направени во функција на надминување на недоречените и на некои нерегулирани ситуации кои што се поврзани со правната регулатива во оваа материја.

Имено, Предлогот за донесување Законот за политички партии според материјата што се уредува е поделен на пет глави кои што се систематизирани во 46 члена.

Во делот што се однесува на општите одредби со предложениот текст на Законот за политички партии се предвидени некои нови решенија, а тоа се однесува на промовирање на рамноправност, односно на еднаквост на половите во постапноста на функциите во политичките партии, како што е тоа направено во земјите со развиена демократска култура и тоа е регулирано со членот 4 од предложениот текст на законот.

Со посебен член е забранета дискриминацијата на членување или на нечленување во политичка партија.

Овој дел од Законот исто така ги набројува таксативно случаите каде што неможе да има дејствување и организирање на политички партии и тоа во органите на државната власт, во јавните претпријатија и во установите и во други организации кои што се основани од Република Македонија и општините како и градот Скопје.

Се регулира можноста за членство на политички партии во меѓународни организации и соработка со странски политички партии, меѓутоа во исто време се забранува дејствување на територијата на Република Македонија на политички партии кои што се регистрирани во други земји.

Во овој дел посебно е утврдена и непрофитноста на политичките партии во рамките на нивната работа и дејствување што диреткно треба да се имплементира во новиот Закон за финансирање на политичките партии, со кој што ќе се уредат сите аспекти кои што се однесуваат на делот на финансирасњето, меѓутоа и во делот на транспарентноста околу начинот на трошењето на средствата за работа на политичките партии надзорот над финансиското работење, а во исто време почитувајќи ја препораката на Парламентарното Собрание на Советот на Европа.

Во делот што се однесува на регистрацијата на политичките партии се предвидени нови решенија и тоа во однос на изјавата за основање на политичка партија и нејзината содржина, како и понатаму потребата од нејзино заверување кај нотар, односно изјавата на лицето што ја застапува и што ја претставува политичката партија, или претседателот на политичката партија со која секоја година пред судот ќе докаже со неговата изјава дека не е намален бројот на членовите на политичката партија, што всушност значи понатамошно опстојување на истата.

Се предвидува нова одредба со која се дефинира содржината на програмата на политичката партија која што е предмет на оценка од страна на судот во постапката за регистрација и нејзино запишување во судскиот регистар.

Исто така, во овој дел се вметнати одредби кои што се однесуваат на името и ознаките на политичките партии, односно неможноста во  името и во ознаките на политичките партии да бидат содржани име, ознаки и симболи на Република Македонија, на државните органи на институции и на други држави, странски држави и на меѓународни организации.

Во овој дел посебно внимание е посветено на јасно и на прецизно утврдување на роковите и на дејствијата во постапката за регистрација на полилтичка партија.

Во делот што се однесува на престанокот на политичката партија утврдени се условите за престанок на политичка партија со јасно определување на дејствијата и роковите за преземање на соодветни дејствија, постапката со која што се спроведува престанокот на политичката партија односно нејзино бришење од судскиот регистар и јасно определување на надлежноста на субјектите кои што се учесници за покренување на ваква постапка, за престанок на политичка партија.

Тука имаме новини во делот на она што значи покренување на постапка за бришење на политичка партија од судскиот регистар и тоа на предлог на јавниот обвинител ако запишувањето на политичката партија е врз основа на невистинити податоци.

Понатаму, се предвидува постапка за забрана на користење на име или ознаки исто така на предлог на јавен обвинител, во исто време и на предлог на секоја друга политичка партија.

Понатаму, предвидена е постапка и пред надлежен суд, не се мисли на регистрарскиот суд, односно Основниот суд Скопје 1 кај кој се води судскиот регистар за запишување на политичката партија, туку покренување на постапка пред надлежниот суд каде што е седиштето на политичката партија ако нејзиното дејствување е спротивно на членот 3 и на членот 6 став 3 од Законот што се

предлага, а се однесува на тоа ако програмата, статутот и дејствувањето на политичките партии се насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, на поттикнување или на повикување на воена агресија, разгорување на национална, расна или верска омраза и нетрпеливост.

Членот 6 став 3 доколку во својата внатрешна организација политичките партии имаа формирано воени или полувоени структури. Одредбата се однесува на тоа дека во својата внатрешна организација политичките партии не смеат да формираат воени или полувоени структури. Ова значи забрана на дејствување на политичката партија, која што постапка се води пред надлежниот суд каде што е седиштето на политичката партија и тоа според правилата на парничната постапка.

Се надевам дека ќе постои согласност од страна на пратениците за донесување на овој закон кој што исто така е во делот на пргорамата на Владата на Република Македонија за оваа година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Мавровски, имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитувани колеги, причините поради кои што се носи Законот, како што имаме во образложението се поради тоа што се донесе одлука на Уставниот суд од 28.02.2001 година каде што се вели дека приходите во сопственост на партиите не може да ги реализираат и ова што сега госпоѓата заменик министер ни го објаснуваше во однос на овој закон за политички партии кој што се однесува за поодделни општи одредби, или како што имаме да се потрудиме да го регулираме сето она што значи политичка партија.

Јас би сакал директно да проговорам дека можеби е подобро овој закон да оди во две фази, наместо сега да го донесеме под итна постапка, затоа што мислам дека треба да дојдат на јавна расправа и да се произнесат и политичките партии во однос на поодделни членови од Законот со што би дошле до ситуација да имаме чисто и регуларно нешто кое што Владата ќе го предложи а ние како пратеници ќе треба да го прифатиме.

Би сакал конкретно на она што значи закон да проговорам. Тоа би било за членот 3 каде што теоретски поставено е добро, но практично како сето тоа функционира и како ќе функционира зависи од повеќе фактори. Значи, членот 3 кажува програмата, статутот и дејствувањето на политичките партии не може да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, поттикнување или повикување на воена агресија и разгорување на

национална, расна или верска омраза или нетрпеливост. Теоретски сето ова е во ред, добро е поставено како член, но што со оние што врз овие принципи направиле политичка партија и сега се дел од политичката власт во Република Македонија. Мислам дека тоа треба да биде поинаку дефинирано со тоа што и тие здруженија, движења врз основа на кои што подоцна се формираат политички партии, а ги примениле методите од член 3 не би требало да се регистрираат. Значи, имаме ситуации кога здружение и незнам уште какви се форми на здружување ги преминуваат овие насилни методи и после тоа формираат партија која што партија произлегува токму од таквите методи на овие групации.

Во членот 4 кажувате дека политичките партии во своето дејствување се грижат за остварување на принципот за еднаквост на половите во достапноста на функциите во политичката партија.

Пред два месеци сите ние тука носевме заклучоци и закони за кои што се разви голема полемика во Собранието каде што кажувавме дека понежниот пол треба да биде застапен со 30% во горниот дел од она што ќе биде предложено за избор на кандидати и 30% во долниот дел. Мислам дека или тоа треба да отпадне како закон или ова да биде она што ќе биде важечко.

Во основа, најважниот закон според кој што во секоја политичка партија треба да функционира и способноста на кандидатите и луѓето кои што таа партија ги предлага. Значи, функциите што ги добиваат дали се тоа мажи или жени, без разлика мислам дека треба да се сведат точно на нивната способност, да работат во партијата и да ги даваат своите легислативи за работа.

Според членот 5 се забранува секаква дискриминација врз основа на членување или нечленување во политичка партија. Што значи овој член го гледаме во последните две години кога луѓето се бркаат од работа, се приведуваат, санкционираат, се прогласуваат за виновни и кога имаат и кога немаат кривични пријави без притоа судот да каже било што. Значи ова и достапното применување на овој член е многу битно за понатамошниот развој на демократијата во Република Македонија.

Очигледно дека во овие две години сето тоа се кршело, незнам дали овој член и овој закон што вие го предлагате ќе биде она што после ќе треба да почнеме да се движиме кон понапредни и демократски методи на работење.

Во членот 6 став 3 стои “во својата внатрешна организација политичките партии не смеат да формираат воени или полувоени структури”. Сето ова е во ред, но многу често и во ова Собрание слушаме говори и зборови за многу команданти,

за многу генерали и тука завршува сето тоа, а дали ќе имаме понатаму нешто кое ќе биде санкционирано, апсолутно тоа до сега не е направено.

Во Главата 2 - Основање и регистрација на политички партии. Членот 11 мислам дека е клучен. Во ставот 1 стои дека политичка партија може да основаат најмалку 500 граѓани на Република Македонија кои имаат избирачко право и кои потпишале изјава за основање на политичка партија. Значи ставот 2 член на политичка партија не може да биде секој полнолетен и деловно способен граѓанин на ниво на Република Македонија кој ќе даде изјава за доброволно членство во политичка партија.

Сето ова е во ред, се поставува едно друго прашање. Дали истите 500 граѓани може да основаат две, три, пет или повеќе политички партии, дали со овој член не се руши уставното право и секој граѓанин политички да се определува а притоа да не биде заверен во списоци во кои државата или власта ќе го знае неговото политичко дејствување кое во еден момент може да биде злоупотребувано од власта и да се вршат одредени притисоци.

Значи имаме неколку ситуации кои што членот 11 не ги регулира, затоа што еден граѓанин може да членува во повеќе политички партии и тоа не може никој да го забрани, тоа е уставно право, дали некој ќе земе исписница од некоја политичка партија, како понатаму во законот што го образложувате, повторно не е задолжително да го направи тоа дали и понатаму ќе биде член на иста политичка партија или не, можеби тој статут ќе престане веќе наредниот закон кога ќе го гледаме, со тоа што не платил чланарин и не се јавил на некои состаноци и на тој начин да биде завршено неговото членство и покрај тоа што тој не се повлекол од политичката партија на која што бил член.

Членот 15 за кој што исто така проговоривте, каде што се говори во став 3 името и ознаките на политичката партија, не може во себе да го содржат името, односно ознаќите, симболите на Република Македонија, како и државните органи, општините и градот Скопје и други држави, како и на други државни и меѓународни организации. Сето тоа ќе биде многу добро но многу често, секогаш, да не кажам на одредени средби и митинзи на одредени политички партии се вејат туѓи државни знамиња, симболи од соседни држави, или од една светска велесила. Дали со овој член тоа значи дека полицијата ќе интервенира за да ги отстрани истите, или овој е само член во оние ознаки каде што политичката партија ги има и што треба да бидат пртставени во знамето, во симболот во грбот на политичката партија, така да не

постојат овие политички ознаки. Дали со ова го регулира во законот, или е тоа во некој друг закон, каде што понатаму се случуваат овие работи, веење на знамиња од соседни држави и знамиња кои што апсолутно нема допирна точка со политичката партија што го организира митингот.

Во членот 17 став 2, алинеја 6 се говори одлук за избор на органи на политичката партија во која ќе бидат наведени личното име на претседателот на политичката партија, односно на лицето кое ќе ја застапува и претставува политичката партија и личното име на лицето, односно лицата одговорни за матријално финансиското работење. Ова истото сер повторува и во членот 20 став 2 алинеја 4. Мислам дека дали воопшто е неопходно да фигурира и личното име, или имињта на лицата кои се одговорни за материјално финансиското работење кога вие го имате претседаелот на политичката партија која ја застапува истата. Така да апсолутномислам дека финансиското работење е нешто што е внатрешна работа на политичката партија и апсолутно нема потреб да биде внесено во овој член и 17 и членот 20, барем според мене. Според вас може би е така.

Другите членови се од техничка природа. Би се задржал на членот 27 став 2. Секој има право да направи увид и да добие копија на документите за регистрација, освен од одлуката изјавите за основање на политичката партија и уверение за државјанство на основачите. Зошто секој и зошто треба да веруваме треба да добие одлука од изјавите за основање на политичката партија и уверение за државјанство на основачите и тоа е прашање, затоа што како што сега функционираме, како што функционира судството, незнам дали можеме и кој е тој што ќе се интересира, секој за да може да добие увид една политичка партија кој, како и кога ја формирал. Мислам дека апсолутно не држи.

Престанокот на политичките партии, член 28 ств 4, кога е намален бројот на членови на политичката партија, определен во член 11 од овој закон . Кој е како е го контролира бројот на членовите во политичката партија? Тоа е клучното прашање, за да може овој член да функционира.

Во членот 30 став 1, ако политичката партија е запишана во судскиот регистар, врз основа на невистините подтоци, надлежниот јавен обвинител дава предлог пред судот за покренување на постапка за бришење на политичката партија од судскиот регистар. Кој ги утрврдува невистинитите податоци. Јавниот обвинител Врз основа на додатни податоци од МВР, или друг метод за спроведување на истрага под кој услов е спроведен, или дали по овој начин може политичката парттија да го прекине своето дејствување.

Во членот 32 став 1ако дејствувањето на политичката партија е спротивно на член 3 и член 6 став 3 од овој закон, надлежниот јавен обвинител поднесува предлог за забрана на дејствувањето на политичката партија. Тука повторно треба да знаеме, кој е тој што ќе го определи тоа дали олитичката партија функционира така и кој е тој што ќе го издаде решението да престане да работи политичката партија.

На крајот еден член, членот 36 кој што кажува како дејствување на политичка партија во член 32 од овој закон, не се смета индивидуалното однесување и дејствување на нејзините членови спротивно на статутот и програмата на политичката партија кои за таквото однесување или дејствување не се овластени од политичката партија, односно од нејзините органи. Дали точно по овој член правиме вентил за се она што е негативно во било која политичка партија да бидат обвинети поединци, кои што немаат никакви задолженија во политичката партија и со тоа и одговорноста на политичката партија, бидејќи тука не гледам никакви санкции, во однос на она што значи индивидуално членување на членовите во партијата и тука секој што ќе дејствува надвор од политичката партија, или политичката партија може да си дозволи, индивидуалното однесување на членовите, секогаш кога се случува некој инцидент, тоа да биде индивидуално однесување на членовите, кои лично ќе бидат одговорни за таквата ситуација. Јас незнам во ниеден статут на ниедна партија да стои дека партијата има цел рушење на уставниот поредок или некои работи за кои што овде претходно говоревме. Значи дали членот 36, ваков каков што е, дава вентил за се она што не чини во политичките партии да се префрли вината индивидуално на поединци и членови во политичките партии. Мислам дека апсолутно овој член треба да отпадне, или овие санкции да бидат многу поригорозни за секој оној што ќе направи ваков прекршок.

Ете тоа е моето видување на Законот за политички партии и уште еднаш би замолил, доколку постои можност овие забелешки и забелешките на останатите политички партии во Република Македонија да бидат внесени во Законот, така да добиеме закон во две фази, со кои што понатаму ќе можеме да одлучуваме во Собранието на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има г-динот Жарко Караџоски, а потоа нека се подготви пратеникот Ружди Матоши.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Најнапред би сакал да зборувам за она за што го отворивме претресот за општата расправа, по однос на потребата од донесување на овој закон и тука морав да се задржам на она што го добивме како образложение од предлагачот, а тоа е причината заради која овој закон ни се предлага. И ако ги разгледаме и прочитаме образложенијата поради кои причини овој закон се носи, освен како една оправдана причина тоа што последниот текст на овој закон датира од 1994 година, значи фактот што поминале цели 10 години е период кој што можеби наметнува потреба од донесување на нов закон, или можеби потреба од изменување и дополнување на стариот закон. Она другото во образложението ќе видиме дека се базира исклучиво на одлуката на Уставниот суд од 28 февруари 2001 година, каде што во актуелниот закон е укинат членот, односно е поништен членот 28 став 1, каде што се зборува за приходи од сопствен имот. И тоа е во образложението на предлагачот како една од причините поради кои што овој закон треба да се донесе, а да понатаму се зборува дека според Агендата на Владата или акциониот план одлучила Владата овој закон, значи Законот за политичките партии оди во две насоки, односно два закона. Едниот ќе биде Закон за политичките партии, како што се нарекува и овој, а другиот е закон за финансирање на политичките партии и целиот, буквално до крајот образложението на причините поради кои овој закон треба да се донесе е тоа што колегите Зоран Шапуриќ и Андреј Жерновски направиле во меѓувреме и затоа што Владата се понела според нив. И сега, бидејќи припаѓаат на Парламентарното мнозинство, нормално, акциониот план предвидел да одиме со два закона.

Инаку, ако го погледнеме стариот текст на Законот во тој закон навистин, можеби доколку останеше овој закон како целина заедно со финансиреањето, тогаш ќе го гледаме и образложението и она што го кажа овде предлагачот дека навистина, има основ, согласно уставната одредба да се донесе еден ваков закон. Инаку, вака како што е образложението, апсолутно не гледам посебна причина да се донесе овој закон, освен што поминале 10 години. Тука во начело да разјасниме што во суштина овој закон носи новина, ако воопшто е новина. Тоа се начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии. Истото она што беше и во стариот закон. Значи и пртходниот закон што сега сеуште е во сила ги содржи истите одредби, поточно, тоа го регулира. Нормално, предлагачот заради оние 10 години кои што поминале се потрудил да внесе некои новини, за кои што колегата Спиро Мавровски искажа доста, јас не би сакал да се повторувам.

Јас би се задржал само на неколку по очигледни новини. Тоа е членот 11, каде што се зборува дека политичка партија можат да основаат најмалку 500 граѓан и дека политичката партија е должна ставот 3, во рок од 15 дена пред истекот на календарската година да достави писмена изјава дали бројот на основачите на партијата се намалил или зголемил. Тоа се подразбира под која цел, затоа што во Република Македонија можеби има повеќе политички партии отколку здруженија, заради тоа што не се знае колкав е бројот и колку треба да е минималнот број . Во суштина никој тоа не можеше да го исконтролира. Сега, оваа обврска што се наметнува, претседателот на партијаа да достава годишно изјава дека го содржи минимумот 500 членови, како основна причкина таа партија да опстојува, е таа новина која се внесува. Колку од неа ќе има ефект, ќе покаже времето.

Овдека би се задржал на членот 12 каде се зборува за членувањето во политичката партија. Ставот 1 вели дека тоа е доброволно, а ставот 2 вели дека секој член може слободно да истапи од политичката партија. Зошто ова го потенцирам? Затоа што почитувани колеги, после овој закон, после оваа точка има една дуга точка, каде што предлагачи сме група пратеници, каде што бараме да се измени нешто во Законот за избор на пратеници, токму во контекст на ова што сега овој закон го предвидува, а тоа е и уставна одредба, така да кога веќе зборуваме дека секој член може слободно да истапи од политичката партија, треба да се подразбере дека секој член значи и советник, секој член значи и пратеник, секој член значи и градоначалник итн., секој оној што е биран, а е член на политичка партија. Затоа, кога ќе дојде тој член ќе се повикаме и на оваа одредба која што во основа е содржана и во Уставот, а сега и во овој закон, кој што најверојатно ќе биде изгласан.

По однос на членот 17 што треба да има политичката партија, поточно во кој рок треб да го достави барањето за упис во судскиот регистар, тука можеби е новина што мора да се одржи основачко собрание и така натаму за да може да се формира политичка партија . На пример, да не се оди со приведени органи. Тоа можеби е добро решение.

За членот 27 став 2, колегата Спиро Мавровски го кажа, јас истото ќе го повторам. Дискутаблно е секој да направи увид и да добие копија на документите меѓутоа, незнам зошто одам да стои она освен од одлуката и изјавите на основачите на политичката партија и уверенијата за државјанство. Незнам зошто би била причина тоа да се види, затоа што на крајот на краиштата, одлуката е таа која кажува дали некоја политичка партија постои или не. Инаку, зашто би се вршело увид.

Во членот 36 значи како дејствување на политичка партија не се смета индивидуалното однесување и дејствување на нејзините членови спротивно од статутот и програмата на политичката партија.

Сега ова почитуван претседателе, е дста дискутабилна работа затоа што можам да ја сватам причината поради која се предлага да стои во ваков закон таква работа, меѓутоа, не можам да сватам кој е тој што ќе оцени дали некој се однесува согласо статутот и прогрмата на политичката партија, или не. Кој е тој што тоа ќе го цени. И кој е тој што треба да донесе суд за тоа дали некој индивидуално отстапил од програмата и целите на политичката партија и тн. Со тоа е можност да се зллоупотребува до немај каде и секој да го толкува кој како сака. Дури ќе се покрене прашањето чие ќе биде одговорноста, доколку некој одлучи дека некој индивидулно се однесувал спротивно на ставовите на партијата. Значи, најверојатно ќе треба да се даде алиби на политичката партија, застапувана од претседателот, за тоа што заради одредени политички работи, кои што во текот на нејзиното работење ќе се случуваат, а одговорноста се префрла на некоклу индивидуалци со кои што "ќе си ги миеме рацете" и ќе се сокриваме зад тоа дека тие се тие индивидуалци кои што одстапиле, или избегале од политичките програми. И нормално тука претседателот на партијата ќе има такво овластување да го кажуваат, или својата вина да ја префрлаат на одредена група на индивидуалци. Затоа не гледам потреба овој член да стои во Законот, затоа што навистина ќе биде доста злоупотребуван и не ќе може никој да го утврди што ќе значи отстапување и кој е тој што отстапува и кој е тој што ќе го утврди. Значи, се на се, не би сакал да ги повторувам и другите одредби, сметам дека можеби овој закон и требаше да оди во две фази, наместо во редовна процедура, меѓутоа разбирам дека Владата нормално, така како Што напишала овде во образложението, му предлага вака во скратена постапка, заради тоа што наредна точка ни е Предлог закон за финансирање на политичките партии кои што го предлагаат пратениците Зоран Шапуриќ и Андреј Жерновскиј, но нормално сега дека Владата мора да побрза да ги стаса нив, затоа што ако тие не иницираа, немаше да имаме ваков закон, но во секој случај ког се нашла точка на дневен ред, нема логика да имаме закон за финансирање на политички партии, а да немаме закон со кој што ќе се каже, со кој ќе се утврди или престане политичка партија. Значи од тоа согледувам дека тоа е причината поради која што овој закон треба да биде прифатен. Значи со овие забелешки доколку предлагачот нешто од ова прифати, горе долу, мислам дека Законот во основа ќе го поддржам.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Караџоски,

Повелете г-дине Матоши имате збор.

РУЖДИ МАТОШИ:

Благодарам г-дине претседателе.

Ние го разгледавме овој закон во танчина и што се однесува до дефектите што ги поседува овој закон, законот не е во согласност со Рамковниот договор и е противуставен.

Што се однесува до овој дефект што го поседува имам желба да биде присутен и министерот Иџет Мемети за да може да даде појаснување, односно да даде одговор на тоа за што ние имаме поднесено амандмани како пратеничка група. Поднесовме амандман на членовите 16 и 17, па пред да даде одговор министерот за или против амандманите, односно пред да суди за нив, би сакал добро да го проанализирам уште еднаш законот.

Значи, законот нема уставна база, нема уставна основа што се однесува на албанскиот јазик. Тоа се членовите 16, 17 и 20 во кои не е опфатен албанскиот јазик. Значи, политичките партии кои сакаат да подготват документација и да се обратат до органите, а органите кои треба да одговорат на политичките партии,значи треба законот да биде дециден, да политичките партии кои ги собираат албанците во нивното членство, треба да се почитува јазничниот аспект.

Ова го подржуваме со преамбулата на Уставот каде покрај македонскиот јазик, народот кој е над 20% и јазикот и писмото на тој народ во Република Македонија е службен јазик. Затоа, овој закон нема да го гласаме, а што се однесува на понатамошните анализи во случај да не поминат нашите амандмани ние повторно ќе раправаме во текот на расправата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи треба да пристапиме кон гласање на заклучок.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата.

(пратениците влегуваат во салата)

Благодарам.

Ве молам, заземете ги своите места.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за политичките партии.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 59 за, 6 воздржани, три против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 63 за, двајца воздржани, двајца против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за додавање нов член 15 по членот 14, за пренумерација на членовите од 15 до 45, член 20 став 1, член 22 став 1, член 27 став 3, член 32 ставовите 1 и 5, член 37, за менување на член 38, член 40 став 1 алинеја 2 и на алинеја 3 и на член 44 и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандмани на член 17 став 2 алинеја 7 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Илјаз Халими и Ружди Матоши поднесоа амандмани на член 16 за додавање нов став 3-а по ставот 3 и на член 17 за додавање нов став 1-а по ставот 1, по кои Владата не се произнела.

ЗПК поднесе амандмани на член 2 став 1, член 19 став 1, член 20 став 1, член 21 став 1, член 25 став 2, член 27 ставовите 1 и 3, членот 31 став 7 и на член 32 став 3.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик-министерот, повелете.

ТАЊА АЛТАНЏИЕВА:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за додавање нов став 3-а по ставот 3 поднесен од пратениците Илјаз Халими и Ружди Матоши.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Алтанџиева, повелете.

ТАЊА АЛТАНЏИЕВА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете г-дине Халими, имате збор.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Благодарам г-дине претседател.

Навистина ме чуди овој одговор од заменикот министер, многу едноставно дека не се прифаќа амандманот, без икакво пошироко објаснување.

Со донесувањето на Охридскиот рамковен договор и уставните измени имаме една нова реалност во Република Македонија. Ова е, покрај другите, дека во службена упторба во Македонија, покрај македонскиот јазик е и албанскиот јазик. Значи, овие две етнички заедници во вкупниот број на населението лучествуваат со над 20%, што значи дека овие две заедници ги исполнуваат условите нивниот јазик да биде службен јазик.

Во законот што се предлага за политичките партии, за што природно имаме потреба да се донесе ваков закон, никаде не се предвидува вклучување, инкорпорација на еден од сегментите на Рамковниот договор или употребата и на албанскиот јазик како втор службен јазик во Република Македонија.

Затоа ние интервениравме со овие два амандмани во членот 16 и 17, така што дам оже една политичка партија што е во основање, што има членство на една заедница, а во вкупниот број на населението учествува со над 20% да може да се обрати на органот за упис и тоа на нивниот јазик и нивното писмо и сета документација и евиденција во текот на упишувањето да се води и на писмото на мнозинството на членовите на таа политичка партија што сака да се запише и повторно, одлуката што треба да ја добие од органот, треба да ја добие и на своето писмо. Овде нема ништо лошо, едноставно ние како пратеници што сме ги предложиле овие два амандмани, сакаме да придонесеме да се имплементира

Рамковниот договор но и уставните измени и во овој закон, значи законот за политичките партии.

Ви благодарам, а од пратениците барам поддршка во однос на овие два наши предложени амандмани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Халими.

Повелете г-дине Насуфи, имате збор.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Во прилог на тоа што го нагласи г-динот Халими, како Парламент и како земја се наоѓаме во доста конфузна состојба. Навистина, се поставува дилемата дали албанскиот јазик е службен јазик или не е.

Постои еден факт кој што изгледа или намерно Министерството за правда не смее да го заборави, а тоа е комуникацијата на граѓаните и на другите субјекти со државната администрација на јазикот, на албанскиот јазик. На крајот на краиштата амандманот оди во таа насока што комуникацијата на политичките партии, да земеме како пример, нивното мнозинство кое има повеќе од 20%, не велиме дека сега воглавно имаме етнички партии, во запишувањето, во евидентирањето на документацијата, се разбира дека се дозволува и е можно да се направи на албански јазик.

Затоа е апсурдно да се сега, на пример ДПА, ДУИ или ПДП во случај на повторно запишување, на пример, каде што можеби 99,9% се албанци, во тие партии, да не можат да го употребат нивното уставно право со овој закон што им се спречува. Да можат да ги добијат документите, одлуката или да се запишат во судскиот регистар на албански јазик. Ве молам, ова навистина е апсурдно и е незамисливо и неразбирливо да овој амандман не се рпифаќа од г-ѓата заменик министер, го одбива, а тоа е едно капитално и круцијално прашање.

Ве молиме за овој предлог и за овие амандмани пратениците да ја понесат својата одговорност и предлагаме да со сила и вашиот партнер во Владата го подржи овој амандман или да се одложи усвојувањето на законот за да се направат дополнителни консултации.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Хусенџеват имате реплика или барате збор?

Повелете имате три минути право на реплика.

ХУСЕИН ХУСЕИНЏЕВАТ:

Вие сте правник. Вашите забелешки ги прифаќам дека оваа материја ја регулира Деловникот на судот каде што ќе се депонира документацијата за основање на политичките партии. Во тој Деловник е предвидена употреба на албанскиот јазик. Тие делвници се врж основа на Уставот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам/.

Г-дине Насуфи повелете имате една минута за контрареплика.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Г-дине претседател ви благодарам,

Ова е една појава, јас нагласив и кога реков појава, да спомнам сега уште нешто друго за да биде многу појасно на пратеникот и судскиот правилник и законите за постапките што се во однос на кривичните постапки, граѓанските постапки, за жал и деловниците што вие ги спомнавте во судовите имаат карактер на диспозитив. Значи, не ги обврзуваат судовите да го користат албнаскиот јазик како службен јазик. Затоа, да не се мамиме и вие како албанци, меѓутоа да не се мами и Парламентот дека албанскиот јазик овде ќе најде свое место и ќе се спроведе на начин како што е предвидено во Уставот и како Што е предвидено со Охридскиот договор.

Затоа..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине Јашари имате збор, неможете да добиете реплика, бидејќи реплката почна. Ако сакате збор, повелете.

Ако не сакате збор, во тој случај, молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 7 гласале за, 4 воздржано а 48 против.

Во салата се присутни 70 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 за додавање на нов став 1-а пко ставот 1, поднесен од пратениците Илјаз Халими и Ружди Матоши.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

ТАЊА АЛТАНЏИЕВА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Молам, кој бара збор.

Повелете г-дине Халими.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Жалам што и овој амандман не го прифати, не го призна претставникот на Министерството, заменикот министер за правда, исто така без никакво образложение.

Едноставно, станува збор за одлуката на судот каде што се врши запишување на политичката партија, да се даде покрај на македонски и на јазикот на мнозинството на членовите на таа политичка партија, кои исто така припаѓаат на едната од заедниците кои во вкупниот број на населението во Македонија учествуваат со над 20%. Што значи се бара да се почитува и Охридскиот рамковен договор, но и Уставот, посебно алинеја 2 на амандманот 5, каде се говори за тоа дека друг службен јазик во Македонија е и јазикот што го говорат над 20% од населението.

Ќе повторам, во овој случај службен јазик во Македонија, врз основа на Уставот е македонскиот и албанскиот јазик. Затоа и на овој јазик треба, доколку една политичка партија сака да се запише каде мнозинството на членови се албанци, одговорот за основање на таа партија да биде на албански јазик.

Ги молам пратениците да го подржат овој амандман, бидејќи со ова се придонесува во имплементацијата на Охридскиот договор и почитување на Уставот. Во спротивно, во овој случај ќе се докаже дека мнозинството на пратеници во овој Парламент, но и институциите на државата, како и до сега, не сакаат да го имплементираат Охридскиот договор, да го почитуваат Уставот. И со овој случај ќе се случи истото. Значи, ова ќе биде една практика што сигурно ќе продолжи и во иднина. Да не се чудиме кога ние, како политичка партија ќе констатираме дека Рамковниот договор не се почитува. Законите не треба само да се донесуваат, а доколку се тие закони во духот и во подршка на Охридскиот договор, како еден

документ, како еден акт што го потпишаа лидерите на четирите поголеми политички партии, се разбира со меѓународни претставници.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Г-дине Јашари имате реплика или барате збор?

Повелете, имате реплика од 3 минути.

АДНАН ЈАШАРИ:

Благодарам г-дине претседател.

Сакам да расчистам едно прашање што можеби намерно или без, меѓутоа се кажа, се интерпретира така како што се интерпретира.

Уставот, амандманот 5, алинеја 3 говори за комуникација на граѓанинот со државните органи. Граѓанинот, говорам како физичко лице, додека пак политичките партии се правни лица. Доколку некој мисли дека не е така, нека го прочита амандманот 5 и нека каже во кој дел од тој амандман комуникацијата на правните субјекти или на правните лица со централните органи, треба да биде така како што треба да биде.

Второ, употребата на албанскиот јазик на ниво на централните и локалните оргаин ќе се регулира со законот со употреба на јазиците, службените јазици што сигурно ќе следи набрзо.

Трето, тоа што е множеби најзначајно и треба да се нагласи е дека Законот за локална самоуправа вели: Служben јазик во општините е македонскиот јазик. Членот 90. Потоа следи јазикот на припадниците на заедниците кои се над 20% исто така е службен јазик на ниво на локалната самоуправа.

Почитувани колеги, Законот за локална самоуправа е усвоен од Парламентот во минатиот состав и, доколку беше така како што сакате вие, нормално и ние, тогаш зошто во членот 39 е вклучена оваа одредба.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Халими, една минута контра реплика.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Алинеја 2 од амандманот 5 на Уставот е многу јасна. Службен јазик во Република Македонија, покрај македонскиот е и албанскиот јазик. Секој албанец

било каде во Република Македонија, и во Гевгелија доколку се наоѓа и во Струмица, доколку се обрати на еден орган мора одговорот да го добие покрај македонскиот и на албански јазик. Да не говориме за една институција како што е политичка партија што има над 20% од припадниците на тоа население што учествува во вкупниот број на населението на Македонија со над 20%.

А во однос на Законот за локална самоуправа, тој е утврден со закон за да се заштити македонскиот јазик и таму каде што е мнозинството албанско и во Тетово каде е над 80% се албанци да може да се употребува македонскиот јазик првенствено, а потоа и албанскиот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Благодарам господине претседател.

Јас порано побарав во однос на оваа расправа за овој закон имав желба да биде присутен и министерот и тој да ми даде објаснување, меѓутоа, тој изгледа не сака да се соочи со вистината и сигурно затоа и не е присутен тука. Значи, ја исправил заменичката. Ние знаеме дека Министерството за правда треба да биде на чело на реформите на јавната администрација и токму овде каде што треба да се регулира двојазичната димензија и да се почитува албанскиот јазик кој што има уставна основа. Затоа, ние овде практички ја расветлуваме една вистина дека во однос на законот кој што го изготвило Министерството за правда, заедно со политичките партии, не се почитува албанскиот јазик, не се почитува Охридскиот договор и не се почитува Уставот на Република Македонија. Се додека Уставот дава за право албанскиот јазик да биде службен јазик во Република Македонија, тоа треба директно да се пренесе во законот, додека овде во законот ние не гледаме такво нешто. Не знам некој  како Господ го ослепил и бара правилник и преку правилникот да се премине еден голем значаен проблем и тоа да го пренесе во правилникот. Ние гледаме дека и албанскиот партиципент е под влијание на СДСМ и ги...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам,  оставете ги вашите размислувања за партиципиентот. Зборувајте за амандманот, досега бевте кореткни, а сега почнавте малку да застранувате од амандманот.

РУЖДИ МАТОШИ:

Токму бев во текот на тоа дека сум во рамките на амандманот, дека прво се носи законот, па потоа се носи правилникот. Правилникот, деловникот каде ќе се поддржи, на што ќе се заснова, реално ако не се заснова на законот, тогаш на што ќе се заснова. Затоа, ова се недоразбирања, овде се расветлува една вистина дека на практичен начин не се почитува Охридскиот договор и Уставот на Република Македонија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Насуфи имате збор.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Благодарам господине претседателе.

Кога се определивме ние за овие амандмани, ова има и една многу јасна порака за да ја олесниме работата, сега бидејќи говорите за правилникот или некој се повикува на правилникот до Министерството за правда, вие знаете сега со донесувањето на овој закон министерот за правда треба да донесе правилник за формуларот, за образецот. Се разбира дека тој министер сега е врзан со овој закон, бидејќи за специјалниот закон ја исклучува општата норма. Да немаме дилеми ниту правни, ниту политички дилеми дека на крајот на краиштата албанскиот јазик е службен јазик. Никој не го иззема покрај него да биде и македонскиот јазик. Но, во овој случај ве молам треба да имаме едно разбирање дека рестриктивното толкување на Уставот, посебно од самите албанци е една слабост и ќе има последици, непредвидливи последици за сите нас. Обично, толкувањата се во полза на странците, а овде треба да биде во полза на албанскиот јазик, а не на штета на албанскиот јазик, како што е направено со овој закон. Затоа, мислам дека амандманот треба да помине и да се поддржи. Еве, видете го и на гласачкото место, ние сме овде само четири од Демократската албанска партија, седум или осум и треба сите албанци да го гласаат овој амандман и ние во суштина на еден начин можеби ќе направиме национална поделба во овој Парламент, бидејќи во овој случај албанскиот јазик се дискриминира. Поради оваа причина, барам и инсистирам и со моќ пратениците да го усвојат, да го донесат овој амандман со цел да се подобри една голема направена грешка во однос на употребата на албанскиот јазик. Албанскиот не е службен јазик само ние да го говориме во овој Парламент, а никаде на друго место. Токму и буквално никаде на друго место не се употребува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е надвор од амандманот, вие овде водите политичка дискусија во однос на албанскиот јазик. Никој не спори ништо, само ве молам немојте да го етницизирате Парламентот.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Господине претседател, минутите кои што ми ги одземате да не бидат на моја сметка, ова време забележете го како ваше време. Од друга страна, албанскиот јазик и спорот на оваа дискусија е токму во духот на амандманот што сме го предложиле во измената и членот 17, така како што е и во членот 16. Затоа, и вие треба да бидете како претседавач на Парламентот, со вашиот авторитет треба да направите една консултација со парламентарните групи, значи претходно пред да се прифати овој амандман, да разговараме и според можностите да се донесе овој амандман и да се подобри една грешка што ја направи предлагачот на законот или Владата.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Адеми имате реплика, повелете три минути.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам господине претседател.

Најголемата несреќа на сето ова што го расправаме сега е дека некој штити врз основа на позицијата што ја има. Кога предговорникот бил на пример во власта, припадник на власта се усвојувале неколку закони и тоа Законот за локална самоуправа, Законот за избор на пратеници, Законот за изборната листа, Законот за локални избори и тн., каде се дефинира и употребата на јазиците и комуникацијата со органите кои што ги допира овој закон. Овие закони се усвоени во 2002 година. Доколку предговорникот го имаше тој став или овој став и во 2002 година, сигурно ќе беше оправдано и тоа што го дискутирав сега и денес. Меѓутоа, јас не знам за што или каде биле овие господа тогаш, зошто го немале истиот став и тогаш или дали овој Устав важел и тогаш во тоа време и кои биле нивните интереси во тоа време, било интересите на нивниот приватен бизнис или групните интереси, дури потоа дошле интересите на етничката заедница на албанците.

Уште еднаш да повторам, значи најголемата несреќа е во тоа што се обидуваат ставовите и пристапите ги имаат врз основа на позициите што ги имаат и тоа кога се во позиција се многу добри, а кога се во опозиција се најголемите патриоти.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Насуфи, повелете една минута.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Токму ова е несреќа дека дискусијата е во полза на господинот Адеми, но тој тоа не го сака. Нему не му одговара неговата партија да го добие решението на албански јазик. Јас не мислам дека така мислат и членовите на партијата на која припаѓа и господинот Адеми. На крајот на краиштата вие треба да знаете дека сме го усвоиле и Законот за патни исправи, сме го усвоиле и законот и го гледаме и денес пасошот кој го добива на албански јазик и дали може да го земе на албански јазик, тогаш прашајте ги албанците од Битола, албанците од Прилеп, Ресен и тн.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 8 пратеници гласале за, 3 пратеници гласале воздржано, 45 пратеници гласале против.

Молам, службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата беа присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 2, алинеја 7, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ под архивски број 07-5793/4.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за правда.

Повелете.

ТАЊА АЛТАНЏИЕВА:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Амандманот, почитувани колеги, беше поднесен со цел да се растоварат политичките партии од одредени обврски односно од одредени оптоварувања.

Имено, се работи за плаќање на одредени административни нотарски и други такси. Ако се сеќавате своевремено во Законот за избор на пратеници стоеше децидно дека политичките партии и учесниците во изборна кампања целата исплата во врска со заверки, се ослободуваат од нотарски или било какви административни такси. Во овој случај политичките партии за сите овие дејствија и активности, навистина, ќе треба да издвојуваат средства кои не се безначајни. Во секој случај намерата на амандманот е дека треба да се дадат одредени олеснувања на политичките субјекти, а во таа функција го носиме и законот кој следи потоа за финансирање. Но, бидејќи Владата очигледно во овој случај немаше разбирање, овој амандман како и следниот амандман ги повлекувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Шапуриќ.

Амандманот е повлечен.

Амандманот на член 17 став 2, алинеја 7, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ под архивски број 07-5793/4 е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер Тања Алтанџиева.

ТАЊА АЛТАНЏИЕВА:

Се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатне и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил пвоереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Алтанџиева.

ТАЊА АЛТАНЏИЕВА:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ТАЊА АЛТАНЏИЕВА:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Тања Алтанџиева.

ТАЊА АЛТАНЏИЕВА:

Се прифаќа и овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 ставови 1 и 3, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер.

ТАЊА АЛТАНЏИЕВА:

Се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 7, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер.

ТАЊА АЛТАНЏИЕВА:

Се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 3, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер.

ТАЊА АЛТАНЏИЕВА:

И овој амандман се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 55 пратеници гласале за, 1 пратеник гласал воздржано, 2 пратеника гласале против.

Молам, службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата во моментот на гласањето беа присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за политичките партии.

**Минуваме на точка 18 - Предлог на закон за финансирање на политичките партии.**

Предлагачи се пратениците Андреј Жерновски и Зоран Шапуриќ.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Предлагачите на законот поднесоа амандмани на член 9 за менување на став 1, за менување на член 10, за бришење на членовите 2, 12 и 36 и на член 39 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Неждет Мустафа поднесе амандмани на член 10 став 1 и на член 12 став 1, по кои предлагачите не се произнеле.

Бидејќи предлагачите на законот во меѓувреме поднесоа амандман за бришење на член 12 по амандманот на член 12 став 1, поднесен од пратеникот Неждет Мустава, Собранието нема да води претрес.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1, поднесен од пратеникот Неждет Мустафа.

Го молам еден од предлагачите да се произнесе.

Како предлагач е господинот Андреј Жерновски.

Повелете.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Само да се консултираме дали прво да зборуваме за текстот или по амандманите, значи, прво ќе одиме на амандманска дискусија. Како предлагач дали да влеземе за последната фаза.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам да се произнесете по амандманот на господинот Неждет Мустафа.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Ќе дискутирам по текстот. Во врска со амандманот на нашиот пратеник, морам да кажам дека навистина имавме сериозно размислување во врска со овој лимит, бидејќи имаше размислување тој цензус да биде и многу поголем. Ние во овој момент не можеме да го прифатиме овој амандман, меѓутоа, оставаме Парламентот, бидејќи ова всушност стана одамна веќе парламентарна иницијатива, парламентот да се изјасни како што е потребно дали ќе биде прифатен или не овој амандман. Значи, не се прифаќа, меѓутоа, доколку Парламентот одлучи со задоволство ќе го прифатиме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Жерновски.

Дали некој друг бара збор?

Господинот Неждет Мустафа.

Повелете.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Почитуван апотпретседателке, почитувани колеги пратеници,

Гледајки ја целокупната ситуација во врска со опстанокот на помалите политички партии во Република Македонија кои се помалку од 20%, јас навистина верувам дека оваа наша иницијатива, во името на помалите политички партии кои партиципираат во Собранието на Република Македонија, би сакал да го прифатите нашиот апел и нашето барање се со цел да можеме поуспешно политички да ја одржуваме нашата кондиција.

Објаснвуањето на овој амандман е од прости причини, да кажеме Бошњачката, Ромската, Турската и Српската партија, до колку излезат над еден милијон гласачи или помалку од еден милиојон гласачи, замислете, ние помалите политички партии да имаме 1% од вкупно излезениот број на гласачи. Така што јас лично сметам, до колку во членот 10 став 1, бројот од 1% се замени со 05%, јас

сметам навистина многу ќе помогнете во идниот развој на помалите политички партии во Република Македонија. Во тој правец молам за ваша подршка.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Збор има г-динот Кенан Хасипи.

КЕНАН ХАСИПИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке.

Во изготвувањето на законот за финансирање на политичките партии зедов активно улога во двете досегашни фази и мислам дека законот во целост задоволува. Меѓутоа, кога е во прашање финансирањето на политичките партии кои освоиле 1% од гласови, едно време размислував тука да се воведе еден нов член кој ќе важи само за етничките заедници кои се застапени во мал број во Република Македонија. Такви се  Бошњачката и Влашката заедница кои и по цена сите да излезат на гласање, не можат да го постигнат тој процент од 1% за да може да добијат дел од финансискиот колач. Меѓутоа, ќе ги ставевме во нерамноправна положба во однос на другите политички субјекти за кои ќе важеше процентот од 1%. Поаѓајки од тоа , јас наполно го подржувам г-динот Неждет Мустафа, мислам дека амандманот е во правец на тоа и помалите политички субјекти кои ги штитат интересите на помалите етнички заедници, д аможат да добијат дел од и онака скромниот финансиски колач, до толку повеќе што тие  по својот број немаат можност да добиваат некои поголеми донации. За тоа ги повикувам колегите да го пдоржат овој амандман.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да ве повикам на гласање, ги молам колегите пратеници да влезат во собраниската сала за да обезбедиме кворум.

Ги молам службите да гоутврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, од присутни 65 пратеници, 22 гласале за, 5 воздржани и 33 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 став 1, поднесен од пратеникот Неждет Мустафа.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор предлагачот, г-динот Андреј Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани дами и господа пратеници,

Навистина, без лажна скромност, мислам дека ова е многу битен ден  и за нас како држава, бидјеки конечно усвојуваме еден закон  што е дирекно поврзан со борбата против корупцијата, закон кој се прилагодува комплетно со законодавството во Европа и навистина правиме еден сериозен обид од тој правец. И според мене, што имам особен однос према овој закон е тоа што овој закон  е иницијатива на пратеници. Јас реков првата фаза одткако го усвоивме, ја усвоивме потребата од донесување на овој закон. Овој Предлог на закон не е предлог на двајца пратеници, туку е на сите нас 120 пратеници овде во Парламентот на Република Македонија. Добро е што конечно и ние, бидејки останавме последни, ќе ја третираме оваа област, многу битна во Република Македонија.

Она што исто така сакам на почетокот да го потенцирам е она што ние го следиме и трендот кој денес е присутен во Европа, така што Транспарент  Глобали Интернејшнл ја прогласи оваа година за година која ќе се бори против корупцијата во политиката, што значи дека, би рекол во едно вистинско време, правимеобид да го донесеме овој закон. И понатаму, она што според мене е исто така многу битно е што, мораме да признаеме дека токму оваа парламентарна иницијатива е борба против она што, за жал го констатиравме преку медиумите, а тоа е, граѓаните во Република Македонија многу малку им веруваат на политичките апртииодносно на политичарите. Тоа е, токму да ја вратиме полека таа доверба кон нас и кон политичките партии.

Јас со задоволство можам да констатирам дека текстот кој што го добивме, како исклучително битен, од Советот на Европската унија, од Брисел, на 9 јуни кој ги третира принципите, приоритетите и условите кои треба Република Македонија да ги исполни во однос на ЕУ. Една од главните приоритети, покрај исполнувањето на Охридскиот Рамквоен договор, покрај подобрување на  функционирањето на јавната администрација, е и јакнењетона судскиот систем. Таму е особено потенцирано дека Република Македонија во мошне краток период треба да усвои закон за финансирање на политичките партии. Сакам да кажам дека и ние како Парламент

помагаме Република Македонија да ги следи овие услови што ги бара ЕУ од нас и бидејки дел од прашалниците се наменети на ова прашање, еве конечно и Парламентот директно и помага на Владата во исполнувањето односно во одговарањето на овој прашалник.

Како што е познато, ние се одлучивме да одиме во три фази и токму поради тоа денес немаме забелешка ниту од политичките партии, значи од пратениците овде во Парламентот, бидјеки се инкорпорирани сите забелешки, а немаме забелешка ниту од оние кои, навистина, за наше големоизненадување, цело време сесрдно ни помагаат. Јас сакам да се заблагодарам на Советот на Европа кој издаде посебна книга, брошура , во Република Македонија, финансирање на политичките апртии и воедно на изборните кампањи, специјално издадена за оваа прилика, што мислам многу ќе помогне на сите експерти кои се занимаваат со оваа проблематика. Понатаму да се заблагодарам на Канцеларијата на ЕУ која сесрдно го помагаше ова и да не ја заборавам групацијата ГРЕКО, на земјите кои се борат против корупцијата. Понатаму Антикорупциската комисија од која добивме едногласна подршка. И неа ја вметнавме како орган на кој мора политичките партии да и се обратат. Понатаму да се заблагодарамна невладините организации во Република Македонија, да се заблагодарам на Владата која во целиот овој процес го подржуваше законот. Но, она што е најбитно, би сакал веднаш да се заблагодарам на сите пратеници, бидјеки навистина и првата и втората фаза беа усвоени едногласно. Се надевам дека тоа ќе се случи и денес откако ќе ја изгласаме финалната верзија.

Јасно е дека врската меѓу парите и политиката има навистина огромни импликации во светот, уште повеќе врз демократиите кои сега се борат да се инсталираат овие пост-комунистички земји, особено Република Македонија.

Не случано многу земји се загрижени дека парите доминираат во и врз политиката и дека со парите се корумпираат и се купуваат политичарите. Мораме да признаеме дека Македонија воопшто не е имуна на таа појава. Едно е факт, дека на политичарит еим требаат пари за да дојдат на власт, им требаат пари за да останат на власт. Кога кампањите и трошоците за партиското финансирање се зголемуваат, автоматски се зголемува и потребата на политичките партии да ги собираат тие средства.

Може слободно да се констатира дека постои една незапирлива и би рекол нараснувачка спирала на парите во политиката и дека враќањето на долговите кои ги чувствуваат политичарите, кога се создаваат кампањите во Република

Македонија, вбризгува еден опасен вид на корупција кој понатаму се проследува низ сите години на валдеење.

Битно е да се напомене дека транспарентноста на парите во политиката е клуч, апсолутно, за подобро владеење во една земја. И мораме да кажеме дека односот помеѓу партиите и политиката, меѓу партиите меѓусебно, меѓу партиите и парите и парите и политиката е еден контраверзен однос и дека голем дел од дебатата за улогата на парите во Европа и во светот се однесува за апосолутно несоодветното влијание на партиите врз демократските политички процеси и недозволеното лично богатење на политичарите како во Европа и во светот така и во Република Македонија. Токму поради тој факт, потенцијално негативниот ефект штопарите може да го имаат и за жал го имаат врз политичките и демократските процеси, важна е улогата на парите во политиката соодветно да се регулира со јавно правење на закон, онака како што ние сите парламентарци гоправевме во трите фази.

Правилата за финансирање на политичките партии и за изборните кампањи,иако ние не ја третираме таа област, може и мора да се засноваат на следните начела: Прво, разумна рамнотежа меѓу јавното и приватното финансирање. Понатаму правични критериуми за распределба на државните средства, бидјеки тоа се средства од граѓаните на државата воовој случај Република Македонија. Понатаму, многу битно, строги правила за приватните донации, за да нема зависност од приватните донации, целосна транспарентност на сметките што ги даваат политичките партии кон граѓаните, пред се, воспоставување независна ревизорска екипа, ревизорски орган, кој, за жал јас ќе бидам на крај и критичен, ние во овој момент овој дел го немаме во нашиот закон и ќе објаснам зошто. И се разбира она што е многу битно и што бегаат политичарите и политичките партии дека тоа се соодветниказни,како за партиите, така и за кандидатите кои ги прекршиле овие правила односно овој закон кој денес, се надевам ќе стапи во сила.

Јас ве уверувам дека во потполност се инкорпорирани препораките на Советот на Европа, прво, петнаесет, шеснаесет, донесен 2001 година и на Комитетот на министри во 2003 односно 2004 година, на 8 април каде што се набележува, тоа би сакал да го потенцирам, бидејки со право дел од јавноста, од првичниот шок кога се објави дека партиите накрај ќе побараат пари од граѓаните односно од Буџетот.

Да кажам дека во препораките јасно пишува дека политичките партии треба и мора да добијат “финансиска контрибуција “ од страна на државниот Буџет, со цел

прво да се спречи зависноста од приватните донации. Во Република Македонија тоа дефакто постои и да се гарантира еднаква шанса за сите политички партии, особено што јавното буџетско финансирање од една страна треба да биде “вкалкулирано” во процентот на политичката подршка што политичката партија ја поседува, врз основа на објективни критериуми, а тоа е колку освоила пратеници за време на изборите, но од друга страна, да овозможи новите партии да влезат во политичката арена и да се натпреваруваат под фер услови, со подобро етаблираните политички партии кои функционираат. Јас тука навистина морам јавно да ги пофалам најголемите политички партии на политичката сцена на Република Македонија односно во овој Парамент, кој го подржаа овој закон во Нацрт верзија и кои не интервенираа амандмански, кога се дискутираШе за распределбата дали 20:80 односно 30:70. Морам да кажам дека тоа е еден одличен сигнал дека во Република Македонија навистина резонираме демократски и не водиме сметка за сопственото егзистирање на оваа политичка сцена.

Она што реков дека предизвика големо внимание е јавното финансирање, а јас мошне кратко и прецизно сакам да објаснам зошто тоа го правиме.

Прво со јавното финансирање мора да се покријат растечките трошоци кои ги чувствуваат политичките партии во Република Македонија. Понтаму, со јавно финансирање се постигнува, како што набележав, еднаквост во политичката конкуренција, бидејки инаку помалите политички партии, или политичките партиикои допрва доаѓаат на сцената, едноставно нема од каде да ги добиат средствата, до колку зависат исклучиво од приватниот сектор. Понатаму огрничување улогата на приватните средства, бидјеки од друга страна, затоа и се бара еден разумен баланс помеѓу јавното и приватното финансирање, не смееме да дозволиме,ние како политичари односно политичките партии пак зависат исклучиво од приватните средства, бидјеки се знае тоа кон што води, кон какво фаворизирање и т.н. И она што е најважно за граѓаните, а тоа е бидејки граѓаните даваат пари, јас на крај ќе бидам конкретен колку тоа ќе ги чини граѓаните на Република Македонија, бидејки имаше некои тези за некои енормни суми.Тоа воопшто не е голема сум.Бидејки граѓаните даваат пари, тие со ова го добиваат она што им е потребно, контрола за тоа кој ги дава парите во политичката партија, кога ги дал парите, колку пари дал и што е најважно како политичката партија односно политичарите во Република Македонија ги трошат парите.

Во литературата која го третира ова прашање и тоа оние кои се на Советот на Европа односно на ЈСД, генерално постојат 6 главни пристапи за контрола на парите

во политиката, меѓутоа секогаш и секаде е набележано дека џабе ќе биде, до колку ние го усвоиме овој документ, а до колку Владата односно политичките парти инемаат воља, навистина да го спроведат и да работат на негово конкретно имплементирање, до последниот денар, во нашата држава.

Прво, за да се постигне таа контрола, никогаш не е идеална, ниту во една земја во светот, ние допрва почнуваме со тоа, потребно е да има контрабуциони лимити, значи да имаме лимит колку може да се даде една донација, понтау да имаме забран акоr ане смее да се даде донација, потоа да имаме лимит за трошењето на тоа колку можат политичките партии да троШат пари, а колку не смеаат, понатаму лимити за времето на кампањите. Ние реквоме не се занимаваме со тоа, но многу е битно да е прецизира колкаво ќе биде времето на кампањите кои ќе бидат во Република Македонија, кога ќе се усвои во Парламентот некој закон кој ќе го третира финансирањето за време на кампањите. Она што го набележуваат како најбитно, тоа е јавно објавување на пристигнатите донации и јавното финансирање односно она што го набележавме.

Она што мене посебно ме радува е што водечкиот експерт во Европа за ова прашање подготви специјален документ за тоа како треба да се имплементира овој закон во Република Македонија и тоа дека на есен 2004 година, а тоа и го правиме, ќе се усвои овој закон. 1 јануари 2005 година е старт на периодот кога треба да се добиваат и првите приходи од државните средства во политичките партии, 31 декември 2005 година, т.е. на крајот на иданта година ќе го имаме и првиот комплетен годишен извештај за тоа како се трошеле парите за политичките партии, за да во Парламентот во 2006 година ја имаме и првата публикација која ќе ја добијат граѓаните, за тоакако политичките партии го почитуваат и дали воопшто го почитуваат овој закон.

И конечно да дојдам доона што се нарекува конечен текст,она што е пред вас почитувани пратеници, а тоа е членот 4 и 5 многу јасно кажува дека финансирањето на политичките апртии од сега натаму ќе биде јавно и транспарентно и дека финансирањето на политичките партии мора да биде со целосен увид од страна на граѓаните на оваа држава и надлежниот орган за контрола на финансиско-материјалното работење и дека секој граѓанин на оваа држава или член на политичката партија има право на еднаков пристап во увидот на финансирањето на политичката партија.

Од мислењето кое што стигна од Владата ние го прифативме, бидејќи навистина беше добронамерно и беше квалитетно изработено. Ние како предлагачи

реагиравме со амандман висината на средствата со кои што годишно ќе се финансираат политичките партии да не бидат во висина од 0,08%, туку да бидат во висина од 0,06%. А вие се сеќавате дека на почетокот ние токму таа маргина ја дадовме од 0,05, 0,06 до 0,08% тоа го прифативме. И понатаму за членот 10 да го спойме со членот 12, а тоа е за финансирањето на партиите во Република Македонија каде што најмалку 1% од гласовите на излезените граѓани и оние партии што освоиле ќе добијат рамноправно средства, а 30% ќе го добијат во однос на тоа какви резултати постигнале на изборите. Тоа го правиме сега во еден член, значи член 10 и член 12 се сублимираат во еден, бидејќи одлучено е партиите средствата да ги добиваат од централниот буџет на Република Македонија.

Она што е битно за член 16 е дека го инкорпорираме прв пат во оваа завршна фаза, тоа беше барање на Советот на Европа, а тоа е дека политичките партии можат сега да примаат и непарични донации доколку се разбира тие бидат во согласност со нивниот статут. Значи, сега политичките партии ќе можат да примаат и непарични донации. Понатаму, од она што беше сосема јасно од двете тркалезни маси кои што ги одржувавме во Република Македонија во врска со ова прашање беа побарани три работи: да имаме транспарентност во оваа проблематика, да имаме контрола на тоа како ќе се трошат парите, бидејќи овој закон во принцип е антикорупциски во својата природа и понатаму да имаме многу прецизни санкции за оние кои што ќе го кршат ова. Оттаму член 18 би обрнал внимание до сите вас и до граѓаните бидејќи политичките партии одсега натаму мора да водат регистар за донации и она што е многу битно, конечно во Република Македонија ќе се дознае името, односно називот на секој донатор поединечно. Понатаму, видот и вредноста на донацијата и се разбира датумот кога е примена таа донација. Отсега ќе знаеме кој во Република Македонија дава донација и регистарот за донации се води во образец пропишан со правилник од страна на министерот за финансии. Доаѓаме до транспарентноста која што ја бараше Советот на Европа, а тоа е следното решение. Политичките партии се должни јавно да го објават регистарот за донации. Што значи дека секој граѓанин дали на веб сајтот на политичката партија, дали во печатените и електронските медиуми ќе може да го види регистарот за тоа кои донации, какви донации се добиени и во која висина. Понатаму, во членот 21 е ставена апсолутна контрола за приватните претпријатија кои во моментот на давање прилог за политичката партија вршат јавни услуги, тие да не можат да дадат контрибуции во партијата.

Во член 23 ја ставивме и Антикорупциската комисија така што секое лице, секој граѓанин во Република Македонија кога ќе дојде до сознанија дека се прекршува овој закон должно е да ја извести Државната комисија за спречување на корупцијата која понатаму ја продолжува постапката со поднесување на пријава до надлежните органи доколку оцени дека постои воопшто потреба за такво нешто.

Член 26 го овозможува политичката партија и ја задолжува политичката партија да доставува квартални извештаи за добиените донации до Министерството за финансии, но и Државниот завод за ревизија кој што пак истиот согласно нивниот закон мора да ги објави јавно своите наоди. Службеното лице кое е овластено во член 27 да решава и да врши дејствија во постапка на контрола на финансиско материјалното работење не смее да биде член на политичката партија. И од 29 до 32 навистина членовите од 29 до 32 навистина постојат многу конкретни казни до политичките партии кои што нема да го почитуваат овој закон за да на крај дури се остава и можност политичката партија која повеќе од два пати во текот на една година направила прекршок да не добие за следната година донација од буџетските средства на Република Македонија.

На крај, почитувани дами и господа направена е една сериозна анкета и во Обединетите нации и во ММФ во повеќе земји за тоа меѓу нас политичарите, нашите колеги во Парламентот и во државната администрација е поставено едно многу едноставно прашање. Што ќе направите доколку пред својот автомобил најдете 20 банкноти од по 100 долари? 17% оставени се некаде 5,6 минути за да се одговори, ние го немаме тоа време на сите тие одговори, зборувам дека се за еден сериозен спој во сите тие институции 17% изјавиле дека нема да ги земат парите, 33% изјавиле дека ќе ги вратат парите, 50% не знаат што да прават со тие 20 банкноти од по 100 долари.  Откога им е кажано дека сепак во таа гаража каде што е автомобилот 30%, односно 1/3 е покриена со камери, одеднаш многу битно се сменил односот, одеднаш само 4% ќе ги земат парите, 74% сега ќе ги вратат парите, а само 22% не знаат. Овој закон е токму таков обид да се стави една камера да се надгледуваат како се трошат парите во политичките партии во Република Македонија. Она што сакам да го напоменам на крај е дека се разбира имаме уште работа која што треба заедно да ја исполниме и ќе ја прифатиме секоја критика, меѓутоа она што не го имплементиравме, што не можевме во овој момент и тоа ни го објаснија од Советот на Европа е дека не успеавме да имплементираме независен ревизорски орган. Меѓутоа, во овој момент тоа во Република Македонија е невозможно, бидејќи тие треба да имаат спој, буџет, да имаат средства и да имаат

веќе избрана екипа. Но, се надевам дека многу брзо ќе имаме измени и дополнувања на овој закон. И она за кое што треба да се бориме како парламентарци, зошто тоа да не почне и од овој парламентарен состав, а тоа е буџетот да овозможи финансирање на самите политички групи во Парламентот, политичките групи, клубови во Парламентот, бидејќи нас ни е неопходно, а тоа го има во сите други земји, неопходни ни се финансии со кои што ќе можеме да обезбедиме експерти кои што ќе работат на нашите закони каде што ќе имаме навистина сериозни дискусии во врска со буџетот, во врска со некои други теми од судството итн и мислам дека треба да се избориме за тоа конечно и во нашиот закон да го има тоа.

На крај сакам директно да им се обратам на граѓаните, ова е едноставно народски речено, добра зделка. Ако тоа го поделиме на два милиони луѓе, ќе дојдат по 15 денари годишно, за 15 денари годишно секој граѓанин на Република Македонија има контрола како се трошат неговите пари, каде одат тие пари, и на кој начин тие пари се злоупотребуваат, или не. Јас уште еднаш ви се заблагодарувам на времето, ви се заблагодарувам на сите за искажаната поддршка во сите фази. Се надевам дека и оваа последна фаза ќе помине како првите две, а тоа е дека ќе биде едногласно поддржано.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Го ислушав со големо внимание г. Андреј Жерновски, предлагачот на овој закон. И се би било во ред, ова е голем ден, но пред мене имам два документи кои не ми даваат за право сите овие благодарности и ова што го слушнавме досега да го земам здраво за готово. Зошто го говорам сето ова? На 13.10.2004 година во 15,20 часот е доставено мислење од Владата на Република Македонија до претседателот на Собранието, кое што го имаме сите тука. Се работи за членот 9 за кој што всушност и цело време говоревме каде што господата предлагачи имаа предвидено дека средствата, вкупните средства за годишно финансирање на политичките партии се во висина од 0,08% од вкупните средства на Буџетот на Република Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа. Средствата од ставот 1 на овој член, политичките партии можат да ги користат исклучиво за остварување на своите цели утврдени со законот, статутот и другите акти на партијата. Врз основа на ова што го добивме тука во делот од Предлог законот во кој се обработуваат јавните извори на финансирање во членот 9 во првиот став да се

направи измена и наместо 0,08% од вкупните средства на Буџетот на Република Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа да свои: 0,06% од вкупните изворни приходи на Централниот буџет на Република Македонија. Ова истото двајцата предлагачи веќе наредниот ден на 14.10.2004 година го имаат предложено како амандман и амандманот е даден со тоа што истото ова што го предлага Владата, тие го предлагаат во законот и тоа станува составен дел на ова што значи закон за финансирање на политичките партии. И сето ова би било во ред доколку со големите расправи и анализи кои што се правени мислам дека од 0,08 до 0,06% затоа што тука бројки нема ни во едниот ни во другиот случај, но гледајќи ги овие 2% за вкупните средства кои што треба да ги добијат политичките партии се намалуваат за 25%. Тоа е во стартот.

Понатаму истото ова што го бара Владата бришење на членот 12, членот 36 и поставување или комплетирање на ставовите 10 кои што се применуваат и веќе локалната самоуправа влегува во изворните приходи, сето тоа предлагачите го сториле според мислењето на Владата ги доставиле амандманите кои што денеска се наоѓаат пред нас, а тие се направени токму пред почнувањето на оваа седница, значи на 14.10.2004 година.

Јас би имал неколку коментари во однос на ова што значи закон и ова што сега го слушнав од господинот Жерновски, мислам дека во членот 3 став 1 каде што стои политичките партии се непрофитни организации во членот 6 веќе кажуваме каде што имаме извори на финансирање на политичките партии и се кажува дека политичките партии имаат право на сопственост на деловен простор, опрема, канцелариски материјал, превозни средства и друг движен имот, потреба за остварување на целите и вршење на активностите утврдени со статутот на партијата и со закон. И ова се би било во ред и кога ќе прочитаме во членот 20 каде што се остваруваат правата и каде политичките партии може да стекнуваат приход, значи закупнина затоа што не е ограничено апсолутно ништо во однос на оние средства кои ќе ги има партијата за да може да ги оствари закупнината, каматата на депозитот и приходи од печатени и аудио визуелни и продажба на билети и сето ова, на крајот кажуваме во последниот став 4 дека приходите од став 2 на овој член политичките партии не смеат да ги користат со цел остварување на профит. Значи, без разлика колкави се овие средства, политичката партија треба да ги потроши истите средства и имотот кој што го има во овој момент, тоа е последниот имот што треба да го има, значи замрзнување на се она што значи работа на политичката партија. Ако вака е замислено, тогаш е во ред.

Но, мислам дека одделни политички партии со текот на времето сигурно дека ќе доживуваат еволуција, ќе имаат поголем број на членство, така што ќе имаат и поголеми потреби за работа. Така што ако сега го замрзнеме она што во моментов функционира, тогаш апсолутно ќе дојдеме во една конфликтна ситуација самите со себе.

Говоревте за лимитирање на она што значи членарина и она што значи донации. Во членот 15 се говори дека членарината во смисла на овој закон се смета редовен износ на средствата кој членот на политичката партија го плаќа годишно согласно актите на партијата. И тука се кажува за период од една година на секој член поединечно не смее да биде повисок од едно просечно исплатена плата во Републиката во претходната година што ја објавува Државниот завод за статистика. Но, тука има еден мал проблем затоа што во повеќе политички партии знаејќи ја моменталната економска и социјална положба на членовите на партиите некои од нив не се ни во можност да ги плаќаат овие членарини, но затоа имаме членови кои што остваруваат поголеми приходи и кои што со ова ги ограничуваме таа членарина да биде поголема, значи оние што се подобро материјално ситуирани не смееме да ги ограничуваме при плаќањето на членарината. И тоа мислам дека треба да биде така. Понатаму, говорите за вкупната донација дека не смее да надмине 200 просечни плати од правни лица и 100 просечни плати од физички лица во Републиката и овој износ да не биде  не повеќе од еднаш годишно. Зошто е ова ограничување, јас мислам дека вие можеби малку повеќе и подобро знаете од мене, со она што после тоа го коментиравме членот 18 каде што кажувате дека политичките партии ќе водат регистар на донации и тие донации ќе бидат јавно презентирани пред јавноста квартално во текот на годината. Но, во овој закон господине Жерновски апсолутно не гледам што е предвидено за зголемување на донациите и за зголемување на бројот на донаторите, кои се олеснувањата кои што тие треба да ги донесат за да можат да финансираат во одредена политичка партија на тој начин за полесно работење и на политичката партија, а и овие луѓе кои што донираат апсолутно да не бидат поставени, или пак само треба да постојат казнени мерки. Казнените мерки во овој случај можеби со ваквиот закон и со овие членови кои што вие ги презентирате, знаејќи ја политичката ситуација во Република Македонија може да се случи апсолутно донатори барем за оние партии што се во опозиција повеќе и да ги нема. Тоа го знаете и самиот колку сме ние спремни и транспарентно сето тоа да го кажеме, мислам ќе покаже времето, а времето многу брзо ќе не демантира за поодделни работи.

Во членот 21 имавме предлог и минатиот пат кој што гледам дека не е вграден сега во законот, а кој што постои во поодделните закони на други држави, тука пред се мислам на Литванија бидејќи кажуваме, членот 21 став 1, политичките партии не можат да се финансираат од влади, меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица. Зошто ова го вградуваме во нашиот закон експлицитно. Јас говорам дека една политичка партија, сега говорам за една што знам, има свои ограноци во странство каде што тие што вие ги нарекувате странски лица, а службено се водат како привремено вработени во странство веќе 40 години и се наши државјани со двојно државјанство, не можат да ја платат членарината во одредена политичка партија, или не можат да донираат во одредената политичка партија. Со кое право го ограничувате нивното право да функционираат во таа политичка партија. Тие се и понатаму наши државјани, или имаат двојно државјанство и без разлика да имаат и странско државјанство, имаат македонско потекло. Со овој закон ограничувачки се однесувате во однос на тие донации и членарини кои тие можат да ги плаќаат во политичката партија.

Во член 21 во истиот став 6, приватни претпријатија кои во моментот на давање прилог за политичка партија вршат јавни услуги за државни органи, или за јавни установи, претпријатија и фондови во пат на договор. Што ќе се случи господине Жерновски ако овие приватни партии претходно работеле во тие институции, или ќе работат наредната година. Дали овие вложувања кои што ќе ги дадат во политичката партија ќе треба да бидат префрлени понатаму во Буџетот на Република Македонија, или ќе треба да ги одземеме од политичката партија која што веќе ги инкасирала и можеби и ги потрошила во текот на тековната година. Мислам дека ова е клучен момент, затоа што вакви средства, добро кажавте вие, во политиката се да опстои овие донации или такви се договорите, сигурно можеби знаете и подобро од мене како функционира, затоа што во моментот на давање на прилог апсолутно не мора да значи ништо. Некој може да ги добие тие средства, па наредната, па после две години, или претходно да исплати па другата година да го добие тој договор, така што ова не е апсолутно ограничувачки во однос на она што може да се направи.

Во членот 27 за кој што говоревте, службено лице кое е овластено да решава, или да врши дејствија во постапка на контрола на финансиското-материјално работење, не смее да биде член на политичката партија која врши контрола. И тука се завршува.

Мислам дека луѓето кои ќе вршат контрола апсолутно треба да бидат деполитизирани затоа што вие не вршите никакво ограничување, што ако лицето кое врши финансиска контрола во одредена политичка партија е член на другата политичка партија која во моментот е позиција во однос на опозицијата или обратно. Мислам дека тука апсолутно, бидејќи се работи за финансиски средства, вие и сите ние се обидуваме тоа да стане јавно и транспарентно, но зошто тогаш ограничување. Или немаме јавност или имаме проблем.

Членот 34 кој понатаму ги обврзува политичките партии дека во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, треба да ги достават до Државниот завод за ревизија, Управата за јавни приходи и Централниот регистар, попис на имотот со кој располагаат.

Ако имаше активности на Државниот завод за ревизија, Управата за јавни приходи и Централниот регистар, бидејќи беше многу актуелно минатата година кога многу комисии прошпартаа во политичките партии, но после тоа не се доби поголем сигнал за она што значи или не значи во однос на имотот на политичките партии и самите во вашите изјави кажувате дека за одделни приходи воопшто не знаете од каде доаѓаат, тоа многу од партиите го кажуваат, но затоа кажувам за една политичка партија да функционира треба да направиме многу други закони кои апсолутно нема да не носат во одредени води каде одредена донација или одреден приход кој физичко или правно лице ќе го донира во одредена партија да биде причината тој понатаму апсолутно во ниедна државна институција да не добие работа затоа што донирал во опозициона партија.

Тоа апсолутно треба да го исфрлиме затоа што или во Европската Унија и секаде на запад тие закони сигурно ги проучивте многу добро, бидејќи сте подносители на овој закон, ќе видевте дека и во Франција и Германија едноставно сите оние што можат да донираат се предизвикуваат да ги даваат тие донации тоа да биде помал терет на оние што значат средства потрошени од политичките партии.

Тука би бил среќен доколку се решаваше во членот 38 финансирањето на изборните кампањи ќе биде уредено со посебни закони кои ги регулираат изборите, ќе беше добро доколку и тоа се реши тука во овој закон за финансирање на политичките партии и повеќе да не се повикуваме на еден закон за политичка партија, еден закон за парламентарни избори, па друг закон за претседателски избори и финансирање на тие средства нормално сите држави во светот секој се

прилагодува на локалната легислатива која ја има, но во секој случај ќе беше добро тоа да биде тука и со ова да биде завршено се.

Мислам дека постојат такви можности, ова е веќе завршна фаза, но сигурно законот ќе може да претрпи измени и дел од овие забелешки кои беа и во првата фаза изнесени еве сега и во втората фаза мислам како предлагачи треба да размислите, едно е предлогот на Владата кој вие го прифативте, мислам дека она што политичките партии ќе го предлагаат во ред е да се седне и она што држи место да се прифати и да биде вградено во овој законски проект. Во секој случај, бидејќи вие како предлагачи може да имате можност, дел од овие забелешки да ги прифатите и денеска, но ако тоа не може, мислам дека наредното треба да направиме некои промени, измени заедно со вас и овој закон да го направиме уште подобар и да може да биде функционален. Тоа е основата да не биде дискриминирачки кон било кој како донатор или политичка партија затоа што денеска сте вие власт утре ќе биде некој друг и тука можат да се изменат сите тие работи.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Предност имаат предлагачите, прв е пријавен господинот Андреј Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Морам веднаш да му се заблагодарам на господинот Мавровски за навистина доста квалитетниот пристап, аналитичен, воопшто не е критизерски, туку критички на нашиот закон, јас реков дека овој закон не е идеален, дека треба да претрпи и понатаму измени и дека тоа ќе го правиме.

Втората тркалезна маса која се одржа во Охрид каде беа присутни и претставници на Советот на Европа кои финансиски го помогнаа, каде беше присутен претставник на канцеларијата на Европската Унија, ОБСЕ, претседателот на ИФЕС и тн.

Главната тема беше всушност она што вие го откривате, јас што го напоменав дали во ист закон да го третираме финансирањето на кампањите. По многу дилеми се донесе одлука да се применат препораките за земјите каде допрва се регулира ова прашање односно во пост комунистичките земји со посебни закони се регулира ова прашање. Тоа беше првата дискусија, ја има во стенограмот, сакавме со еден закон да ги третираме двете проблематики, но добивме сугестија да се третира во посебен закон особено што повторно се брцаше во Буџетот, па да не дојде како некој огромен шок во моментот.

Почнувам од позади, она што го кажавте вие тоа е како да се вклучи и некој друг, јас напоменав дека би сакал многу да имаме независна ревизорска куќа на самиот почеток напоменав дека и јас исто така би сакал да има некаде претставник на опозицијата, го прифативме мислењето, тогаш излезе во медиумите од професорот Иванов, го баравме за контакт, не можеме да најдеме модел како да го инкорпорираме ова, но вие убаво кажавте, да не глумам некој политичар со широки политички капацитети, сакам, ако ништо друго да има претставници од опозицијата во овие ревизорски органи, бидејќи утре и ЛДП или некој друг ден ќе биде во опозиција и затоа сакам да функционира тоа во Република Македонија.

Се обидовме тоа да го сториме преку оној дел кој го има во неколку земји, особено  имплементиран во БИХ, Државната изборна комисија да биде вклучена, бидејќи ја напоменуваме и законски е имплементирано да се распоредуваат 70% од средствата врз основа на бројот на добиени средства. Меѓутоа, анализата на нашите пријатели од меѓународните институции многу објективно го кажа она што ние го зборуваме секогаш кога дискутираме за ДИК. Таа во овој момент нема капацитет да го решава и ова прашање затоа што треба да има кадровски капацитет, мислам на кадровски а не на човечки. Треба да има посебна финансиска служба која ќе се бави со ова прашање, но пак ќе кажам зошто да не, доколку ја екипираме онака како што треба, а за бенефит на изборната регулатива  и во Република Македонија и тоа да го сториме.

Лимитите кои ги споменавте законски уредени во нашата држава што вам ви е добро познато и од 1990 година наваму го има во самиот Закон за политички партии, но пак ќе кажам во она што се набележува како да се контролираат парите во политиката апсолутно првиот критериум е контрола да има лимит на приватните контрибуции, бидејќи се, да цитирам, претпоставува дека на тој начин ќе се намали влијанието на индивидуалците односно на групите кои сакаат да влијаат врз политичарите особено преку политичките партии и исто така она што во Република Македонија се случува полека, верувам дека ќе го видиме на овие локални избори, парламентарни, овие контрибуциски лимити ги охрабрат и оние побогати кандидати самите да си ја финансираат политичката кампања, како што тоа го има во развиените западни земји.

На крајот доаѓаме до она што е навистина најинтересно и едно од најинтересните прашања тоа е висината на лимитот односно на средствата колку ќе се издвојуваат, она што е точно прифатено од Владата, јас го кажав, а тоа е колкав дел од вкупните средства на Буџетот ќе бидат распоредени. Точно е ние

прифативме од 0,08 да се симне на 0,06, овој пат можам јавно да кажам дека ова е најголемиот компромис кој можевме да го постигнеме со Владата на Република Македонија. Јас во Охрид изјавив дека добивме еден предлог кој беше за 50% помалку од оној што го имаме денеска. Преку еден друг модел Владата предложи во Парламентот да усвоиме еден лимит од прилика 290 илјади евра што е речиси половина од ова што денеска го усвојуваме.

Тогаш многу јасно изјавив и сега ќе изјавам дека намерата на овој закон не е да уреди такво добивање на средства од политичките партии кои всушност ќе го стимулираат сивото работење на политичките партии, бидејќи ако ние добиваме една симболична, макар за почеток симболичен дел од Буџетот, тоа ќе не направи сите, тоа го знаеме како политичари, бидејќи тоа не е доволно, да го постигнеме она што се нарекува собирање пари под маса.

Ова е многу повеќе од она што го добивме како првичен предлог и сметам во овој момент како предлагачи дека 0,06 можеме да почнеме, набрзо сите го знаеме како пратеници дека времето ќе покаже на политичките партии навистина им требаат повеќе средства и мислам со едни измени и дополнување, како што и самите кажавте, можеме да го подобриме, ќе мора да го подобриме и ќе го подобриме ова решение кое денеска е на дневен ред.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Пријавен е следниот предлагач, повелете господине Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Само да го надополнам објаснувањето на господинот Жерновски ви за ви дискусијата на господинот Мавровски.

Вие добро кажавте на крајот дека заради имплементација на некои решенија за кои се размислуваше е неопходна измена на други законски прописи, пред се оние закони од финансиска сфера кои го регулираат материјално-финансиското работење, како и контролата на ова работење на одредени субјекти значи профитни и непрофитни.

Кога сме веќе тука само да ви кажам дека за сите овие, за целиот овој период од девет месеци откако се водат овие трибини, тркалезни маси каде беа ангажирани бројни домашни, странски експерти не само од политичката или правно политичката сфера или правната сфера, туку и финансиската сфера, сите тие дилеми беа расчистени на крај дека во профитна дејност, она што вие зборувавте дека издавање на сопствен имот односно сопствен простор под закуп кој е вишок,

вршење на продавање пропаганден материјал и тн. не се смета како стопанска дејност во смисла на остварување на профит, туку активност на политичките партии како и продавање на билети од евентуални манифестации, се разбира кај нас не сме дојдени до тој степен ако организираат одредени манифестации одредени политички субјекти да се плаќаат билети, но во други земји го има тоа. Значи, извршени се тие консултации и останаа одредени дилеми.

Во поглед на тоа дали може странски лица, секаде во светот и препораките на Советот на Европа и на Венецијанската комисија дека од странски лица односно од странски правни и физички лица не можат политичките субјекти да примаат донации било да се работи за странски претпријатија и физички лица.

Но, ако се работи за македонски државјани кои имаат двојно државјанство, а живеат во некоја друга земја нема никакво ограничување, се работи за македонски државјани кои можат.

Исто така се јави голема дилема која сеуште е присутна околу мешовитите фирми или странските фирми регистрирани во Република Македонија. Бидејќи се регистрирани согласно позитивната регулатива на Република Македонија, тие се сметаат за стопански субјекти без разлика што се основачи од странство. Тука е таа дистинкција, односно разлика помеѓу странските и домашни извори на финансирање.

Ние кажавме дека законот не е идеален, треба да се надоградува, а дилемата околу каматите исто така беше разрешена од финансиските експерти. Тука многу ни помогнаа експертите од Заводот за државна ревизија односно државниот ревизор кој знаете дека се именува на еден подолг период, без оглед на промена на структурата на Владата и на Парламентот и кој е всушност експерт и поставен од претходниот Парламент, но никој не помислува да го разреши бидејќи квалитетно си ја врши својата работа. Беше дека каматите не спаѓаат во профитна дејност, додека мислењето на финансиските експерти дека политичките партии, иако во некои земји го има, не може да се задолжуваат кредитно.

Во поглед на лимитите постојат одредени лимити секаде дури и во една Германија некаде е во процентуален износ преку просечни плати како што е овде, а како што реков во Германија на апсолутен износ на 200 илјади евра, меѓутоа, секаде е таа интенција, бидејќи ние го усогласуваме нашето законодавство со законодавството на Европската унија, но и со препораките на Советот на Европа, а пред се на комисиите на Советот на Европа, како што е Венецијанската комисија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме понатаму со дискусии.

Има збор господинот Блаже Стојановски, но ни остануваат уште 8 минути, не можете, во ред, тогаш доколку господинот Талат Џафери се пријавува, би можеле вие господине Џафери, ако можете за 8 минути, повелете.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам госпоѓо потпреседател,

Мојата дискусија нема да биде од аспект на давање на дилеми околу тоа што се даде како забелешка од претходните говорници, сакам да нагласам дека двете претходни фази на Предлог-законот сме ги поддржале, сме го поддржале усвојувањето на Законот, нешто што подразбира дека и во оваа фаза како парламентарна група на ДУИ ќе гласаме за овој закон.

Посебно од причина што уште од почетокот на иницијативата бевме едни од идеаторите за усвојување на овој закон и нормално како предлагачи на конкретниот текст ние ја поддржавме оваа идеа токму од фактот што определувањето на финансиските средства од јавни извори, како што е Буџетот на Република Македонија за финансирање и функционирање на политичките партии ќе биде чекор напред за спречување на корупцијата, за што оваа Влада е определена.

Вреди да се нагласи дека Предлог-законот што ги определува изворите на финансирање на политичките партии како јавни извори, како што нагласив од Буџетот и од приватни извори тие што ги определуваат во текстот во членот 14 на таксативен начин се набројани, јас не сакам да ги набројувам сите тие извори и лимитирањето на овие извори во сума што може да се даде од приватни извори е тој момент кој ја определува можноста на достигање на финансиските извори на политичките партии.

Ова од причина, што како што се кажа од предлагачот, ја спречува можноста на влијание на донаторите на создавање на политиката од страна на тие што се избрани да ја спроведуваат политиката.

Треба да се нагласи членот 21 кој ги определува изворите што не смее да се финансираат политичките партии. Ова е за поздравување, меѓутоа, не со тој концепт дека Предлог-законот од практичната имплементација нема да кореспондира со измените и дополнувањата на овој закон,нешто што во првото полугодие од буџетската година 2001 година петта година ќе видиме во практика што е можно да се имплементира директно како што предвидува законот, а што е не е можно да се

спроведе и во периодот на идната година во ова време да можеме да излеземе со предлог за измени и дополнување на соодветниот закон.

Контролата врз добивањето или собирањето на финансиските средства и начинот на нивно трошење, значи средствата што се собрани или издвоени од Буџетот, законот на дециден начин ги предвидува сите тие органи кои се овластени за вршење на контрола на финансиското работење и начинот на трошење на средствата на политичките партии.

Во оваа насока мислам дека има место за дополнување и за менување на Предлог-законот на текстот како што е даден. Тоа што беше кажано и од предлагачот во членот 38 произлегува обврска изборната кампања која во Законот за изборите или во процесот на изборите се гледа како посебен сегмент на изборниот процес кој е определен со Уставот дека во времетраење од овој датум до тој датум ќе трае, значи е ограничено и како посебен сегмент е еден момент и едно ангажирање на политички партии каде голема сума на финансиски средства треба да се собере и да се потроши затоа што е претставување на програмата и на програмските определби на политичките партии кои претендираат да дојдат до мандатите кои ги бараат.

Добро е ова што произлегува од овој закон, фактички идниот можен закон кој е во идеја за финансирање на изборните кампањи ќе треба да биде компатабилен.

Значи, тој закон за финансирање на политичките партии ќе треба да го затвори кругот на финансискиот аспект на дејствување и постоење на политичките партии со што ќе се постигне позитивниот ефект на спречување на тоа што кај нас се познава како корупција и како можност на злоупотреба од финансиски аспект.

Ние како политичка партија сме носители на идејата и сме ја поддржале во двете претходни фази оваа идеја и овој закон и уверен сум дека нема причини за неподржување и во оваа фаза.

Ние ќе гласаме за овој предлог на закон за финансирање на политичките партии.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодаам г-дине Џафери.

Објавувам пауза.

Продолжуваме со работа во 14,00 часот.

(Пауза од 13,00 часот)

( ПО ПАУЗА)

(Седницата продолжи со работа во 14,00 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Стојановски, а потоа нека се подготви Иван Анастасовски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Предлогот на закон за финансирање на политичките партии го имаме пред нас и уште на почетокот сакам да кажам дека јас нема да гласам за него, не заради тоа што нема потреба од ваков закон, туку затоа што на овој начин само се создава еден голем простор во кој што недефинираните односи во поглед на финансирањето на политичките партии и во поглед на финансирањето на изборната кампања на политичките партии сеуште остануваат недефинирани. Што сакам да кажам. Финансирањето на политичките партии го опфаќа периодот и помеѓу изборни кругови, меѓутоа и периодот на изборна кампања. Јас во овој закон не видов ниту еден член, што е она што го одделува или одвојува овој закон од законот кој што треба да се однесува на Законот за финансирање на изборната кампања.

Предлагачите направиле обид да ги дефинираат поимите кои што се употребени во овој закон, меѓутоа, тие поими едноставно не успеале, или и воопшто не се обиделе, според мое мислење да го дефинираат поимот на изборна кампања односно поимот на она што не се однесува овој закон односно на финансирањето на изборната кампања.

Ние единствено што слушнавме, слушнавме дека ова е само почеток и врз основа на овој почеток треба да следи нов закон за финансирање на изборна кампања и други закони или измени на други закони кои што ќе можат да ја операционализираат измената на одредбите кои се предлагаат со овој закон. Затоа на овој начин поставувањето на работите од старт не значи ништо друго туку само носење на закон кој што треба да го отвори ова прашање, да крене прашина во поглед на оваа област, меѓутоа, суштински нема да реши апсолутно ништо во овој поглед.

Ова го аргументирам и со фактот што акцентот на овој закон се сведе колку пари државата односно Владата на Република Македонија ќе се согласела да одвои за финансирање на политичките партии. Целта која што треба да се постигне и со овој закон и со законот кој што се однесува на финансирањето на изборната кампања не треба да биде коклу пари туку треба да биде како да се анулира мотивот на политичките партии на незаконски начин да обезбедуваат нивно функционирање односно финансирање.

За да можеме да дискутираме за прашањата од оваа обалст неминовно е според мое мислење да одат зедно два закона. Закон за финансирање на политичките партии и закон за финансирање на изборната кампања. Од друга страна да се види состојбата што ја имаме во Република Македонија во поглед на имотот на политичките партии. Што сакам да кажам?

Сакам да кажам дека имаме една ситуација во која што одредени од политички партии се прогласија за наследници на политичката партија на Сојузот на комунистите на Македонија, го прибраа целокупниот имот од таа политичка партија, обезбедија просторни услови, опрема, инвентар и сето она што пртставува неопходност за нормално функционирање на една политичка партија и тргнаа со една  стартна позиција која што очигледно се разликува од политичките партии кои што се формираа со политичкиот плурализам во Република Македонија.

Од друга страна непрофитабилната поставеност на политичките партии дефинитивно значи дека зголемувањето на тој имот не може да се склучи затоа што зголемувањето може да биде само на еден и единствен начин, со дополнителни приходи кои што се однесуваат на можности за создавање на други поголеми просторни можности и на друг имот, возила итн, кои што претставуваат неопходен предуслов за функционирање на секоја политичка партија.

Затоа сметам дека мотивот за отстранување на коруктивното финансирање на политичките партии со овој процент кој што првично беше предложен да се одвојува од буџетот на Република Македонија, од страна на предлагачите, а кој што изнесуваше 0,08%, а кој што сега Владата се согласи да биде 0,06% или во превод тоа значи некаде околуу 500-тини илјади евра за сите политички партии за нивното функционирање во текот на цела една календарска година, апсолутно нема значење, затоа што и во случај кога немаше вакви средства од буџетот на Република Македонија постоеше мотив за коруптивно финансирање на политичките партии, меѓутоа и со овие средства и јас сум сигурен дека тој мотив апсолутно нема да се тргне на страна, односно нема да исчезне.

Значи, целта која што треба да се постигне со овој закон на овој начин не се постигнува.

Понатаму, зборуваме за контролирање на финансирањето на политичките партии во овој закон ако ги земеме предвид и искуствата на другите земји, посебно кога се однесува и на финансирањето на изборната кампања имате случај, на пример во САД каде што федерална комисија составена од 3 претставници на позицијата и 3 претставници на опозицијата се занимаваат со контролирање на

финансирањето на изборната кампања. Тоа што значи? Тоа значи дека има подеднакво учество и на позицијата и на опозицијата со цел контролата на финансирањето на политичките партии да не претставува начин за политичка престрелка помеѓу политичките опоненти. Меѓутоа, кај нас со овој закон се предлага Министерството за финансии и упрвата за јавни приходи да го имаат главниот збор во контролирањето на финансирањето на политичките партии.

Во членот 27 се оди чекор понатаму каде што е наведено дека службено лице кое е овластено да решава или да врши дејствија во постапка на контрола на финансиско-материјалното работење не смее да биде член на политичката партија во која се врши контрола. Ова да го преведеме на еден обичен јазик што значи.

Тоа значи дека министерот за финансии кој што во актуелниот случај е член и претставник и министер именуван од една политичка партија треба преку управата за јавни приходи да именува лице кое што треба да го исконтролира работењето на опозициона политичка партија. Тој ќе именува лице кое што согласно овој закон не смее да биде член на опозиционата партија која што е предмет на контрола и на тој начин се овозможува целосно, големи можности се оставаат за манипулирање со начинот на финансирање и трошењето на средствата кои што ги поседува одредена политичка партија која што е во опозиција затоа што факт е дека министерот кој што припаѓа на одредена политичка партија многу тешко може да обезбеди контрола на незаконитостите во работењето, во финансиското работење на таа политичка партија, затоа што многу лесно може да биде сменет од таа функција и на тој начин сите напори и сите чесни намери на тој министер нема да можат да бидат реализирани.

Од овие причини сметам дека на овој начин со немањето на посебно дело кое што ќе го контролира начинот на финансирање на политичките партии, а кое што ќе има независен легитимитет кој што ќе биде признаен и потврден и од страна на позоцијата и од страна на опозицијата единствено значи создавање на енди законски рамки кои што не се дефинирани, не се прецизирани, не е прецизирана постапката врз основа на која што треба да се изврши таа контрола, не се поставени воопшто реалните начини, услови, потреби во кој момент, на кој начин се контролира одредена политичка партија и на кој начин таа политичка партија може да се заштити од контролата која што може да биде злоупотребена во политички цели.

Затоа носењето на еден ваков закон кој што не оди заедно со носењето на законот за финансирање на изборната кампања не претставува ништо друго, туку

претставува само отворање на една тема која што создава уште поголеми недефинираности во однос на она што го имаме како состојба денес, затоа што оваа сфера воопшто не е регулирана на законски начин.

Понатаму, зборуваме за начин на презентација на политичките партии под еднакви услови и рамноправност во однос на нивната политичка презентација пред граѓаните на Република Македонија, а од друга страна и за финансирање на политичките партии и меѓутоа од друга страна имаме многу начини кои што воопшто не се предвидени за избегнување на целите на овој закон за контрола на трошењето на државни пари за партиски цели. Што сакам да кажам.

Тука има неколку одредби кои што се однесуваат на забрана на финансирање на политички партии од Владини институции, јавни претпријатија, од фондови итн. Меѓутоа, никаде не остои начин да се контролира како со различни видови на услуги кои што се вршат од страна на власта не се подигнува директното влијание врз граѓаните на Република Македонија да мора да дава поддршка на одредена политичка партија која што е на власт во тој момент и од причин што може на различни начини, дали со закани кон вработени, дали со изградба на некакви патчиња, дали со поставување на некакви други објекти да врши влијание и на тој начин индиректно да врши финансирање преку државните органи на политичката партија која ја претставува Владата или јавната институција, јавното претпријатие.

Затоа, воопшто не е регулирано прашањето во однос на инвестиционите активности кои што тереба да се реализираат во текот на предизборната кампања пред се, затоа што не претставува ништо друго туку директно трошење на државни пари за политичка кампања во пресрет на изборите кога Владаа на Република Македонија, кога одредена локална власт троши пари токму во екот на изборната кампања кои  што ќе значат ние ќе ви направиме ова, а вие ќе гласате за мојата политичка партија.

Значи на овој начин индиректно се врши не само финансирање на активностите на политичките партии, туку директно се злоупотребуваат државни пари за потребите на политичките партии.

Нерегулираното прашање, по однос на овој начин на финансирање на политичките партии претставува еден проблем, кој што не го решава и Законот што ние предложен тука.

Ние имавме можност на различни други начини да видиме дека е можно да се вршат политички активности од страна на организации, здруженија на граѓани владини или невладини организации, кои што директно се вклучуваат во кампањата

на политичките партии кои што ги финансираат. Заради тоа сметам дека и овој начин на политичка активност на здружение на граѓани, како и други организации невладини или некакви други кои што директно се финансираат од непознати извори, а кои што директно се вклучуваат во политичките активности на одредена политичка партија не значи ништо друго туку изигрување на целите кои што треба да се постигнат со донесувањето на ваков закон, а тоа е финансирањето на политичките партии да биде само од средства кои што се донации, средства кои се предвидени во Буџетот на државата и преку кои што државата на директен начин ги финансира овие политички партии или други приватни средства, како што се членарините, кои што приходите од легати итн., итн., кои што претставуваат легален и легитимен начин на финансирање на политичките партии.

Значи, немањето на дефиниција како да се избегнат сите странични начини на финансирањето на политичките партии го прави овој закон ништо друго туку закон кој што се носи само да се покаже една волја дека се сака да се реши начинот на финансирање на политичките партии, меѓутоа, не и во суштина да го реши ова прашање и во целост законски да ја регулира областа на финансирањето на политичките партии како и областа на финансирањето на изборните кампањи кои што ги водат политичките партии.

Тука се поставуваат и други прашања. Прашањето на транспарентноста на финансирањето на политичките партии. Во вакви околности каде што доредена фирма сака да даде никаква донација за политичка партија, пред се на опозицијата, затоа што во политичките партии од власта се механизмите за влијание и за пуштање на најразлични видови контрола и вршење на најразлични други притисоци врз оној субјект кој што сака да даде донација навистина во вакви околносит претставува несериозност, затоа што факт е дека во Република Македонија многу ретко може да најдете правен субјект, фирма, која што легално, јасно, на телевизија, преку весници ќе каже јас дадов донација за оваа политичка партија. Тоа може да биде - ако се работи за политичка партија од власта, затоа што на тој начин може многу лесно да оствари некои други цели, меѓутоа, по промената на власта се појавува една друга ситуација во која што истата таа фирма можеби навистина има можност да трпи последици заради финансирањето на таа политичка партија. Значи, ние сеуште не живееме во општество каде што владеат демократски односи и каде што се почитува различноста на политичките опции туку сеуште се смета дека со целосно оневозможување на легално и сигурно финансирање и на нетрпење на последици за оние кои што ги финансираат политичките партии ќе се овозможи

преку една легална легитимна борба на идеи, платформи кои што ги презентираат политичките партии во Република Македонија да се добие поддршка од гласачите и на тој начин да се дојде на власт и да се реализираат тие политички платформи.

Од друга страна оние кои што нема да дојдат на власт, кој што ќе ја претставуваат опозицијата да бидат почитувани политички субјекти, кои што ќе имаат свој придонес и во начинот на функционирање на Владата на Република Македонија и на функционирањето на сите институции зад кои што стои коалициона власт односно коалиција на 2 или повеќе политички партии.

Заради тоа, тука не стои воопшто можноста за да се мотивираат фирмите, настрана од овие околности јавно, транспарентно да ги финансираат политичките партии, затоа што ако стои законска можност за тоа, тогаш треба да им се даде тој мотив. Во развиените демократии тој мотив се даночните олеснувања. Оние фирми, оние компании кои што финансираат одрдени политички партии, или кои што даваат средства за реализација на изборните кампањи имаат можност да бидат ослободени од дел од даноците, пред се се мисли на данокот на добивка или персоналните даноци кои што ги плаќаат и на тој начин да имаат мотив за финансирање на политичките партии и на тој начин индиректно да сакаат и да можат да ги користат привилегиите од нивната активност, со тоа што би имале одредени даночни олеснувања.

Се согласувам дека ова прашање може да отвори и други прашања, како што е финансирањето на определени спортски клубови, финансирањето на определни здруженија на граѓани кои што зе занимаваат со определни хуманитрни активности итн., итн., меѓутоа, тоа не значи дека и тие и политичките партии треба на ист начин да им се овозможи да бидат финансирани односно државата преку даночни олеснувања да им овозможи на фирмите да донират на овие здруженија на граѓани или на овие политички партии. Тука сигурно дека сакајќи да се реши ова прашање, сакам малку да посветам внимание на одредбите на овој закон, каде што се разбира исто така има некои недоследности или контрадикторности помеѓу себе а кои се однесуваат пред се на членовите кои се наведуваат во овој закон.

Имено, во член 12 од овој закон пишува дека средствата за финансирање на политичките партии во износ од 70%, што се обезбедуваат од буџетите на единиците на локалната самоуправа се распоредуваат на политичките партии, чии

кандидати се избрани за градоначалници и советници, сразмерно на бројот на нивните советници.

Значи, овде постои недоследност во однос на тоа која е таа сразмерност на градоначалниците. Ако имаме сразмерност по однос на советниците, како што е и по однос на пратениците уредено во еден од претходните членови, тогаш на кој начин оваа сразмерност може да се утврди при изборот на градоначалници. Затоа што сите знаеме дека повеќе градоначалници во една општина не се избираат, туку се избира само еден градоначалник. Значи, сразмерност тука неможе да постои.

Во член 13 стои ако градоначалникот, односно советникот е избран како кандидат на две или повеќе партии, значи директно со одредби од овој закон се регулираат прашања кои се однесуваат на финансирање на изборната кампања и средствата кои се добиваат по основ на изборната кампања, од страна на буџетите на локалната самоуправа и буџетите на државата. И таму стои значи прво се регулира со оваа одредба дел од оваа проблематика кон која што не е насочен овој закон, затоа што рековме ова прашање треба да се решава со законот за финансирање на изборната кампања, а друго, во него стои дека ако градоначалникот, односно советникот е избран како кандидат на две или повеќе партии, средствата меѓу нив се делат на еднакви делови, освен ако партиите се договорат со предизборен договор и не се договориле поинаку. Значи некои пред избори треба да седне , кога дава подршка на одреден кандидат, градоначалник или определен на советничка листа, да се договори на кој начин ќе бидат распределени средствата од буџетот за една или за друга политичка партија.

Меѓутоа, независно од тие јавни извори на финансирање на политичките партии, приватните извори се исто така многу интересни, затоа што како приватни извори на финансирање на политичките партии со овој закон се наведуваат членарина, донации, подароци, прилози, спонзорства, или донации со еден збор понатаму, потоа легати, продажба на промотивен и пропаганден материјал и сопствени приходи, согласно овој закон. Значи членарината, веднаш се оди на лимитирање на овие приходи, значи членарината поединечно на секој член на партијата, неможе да биде повисока од една просечна исплатена плата во Републиката во претходната година.

Значи, со овој закон се лимитира износот на членарината, кој што треба на име на членарина да се даде на секој поединечен член на таа партија, меѓутоа, од друга страна тој член може да даде согласно член 17 од истиот овој закон, уште 100 просечни плати од физички лица од Републиката кои се исплатени во претходниот

месец и тоа неможе да биде акумулирано повеќе од еднаш годишно. Ако веќе се определува колкав е лимитот кој што едно физичко лице може да го даде како донација на политичката партија, јас не гледам никаква логика да се лимитира од друга страна колкав би бил износот на членарината која што истото тоа лице може да ја даде за политичката партија. Тоа е веќе лимитирано со вкупниот износ, кое што како физичко лице , како граѓанин на оваа држава тоа лице може да го даде за соодветната политичка партија.

Политичките партии во членот 16 стои дека можат да примаат непарични донации, доколку тие , согласно нивниот статут можат да бидат употребени во нивните активности. Значи политичките партии можат да примаат непарични донации доколку тие можат да бидат употребени за нивните активности. Навистина нелогична формулација од една страна, а од друга страна ако неможат тие да бидат употребени за нивните активности, кои се тие непарични дотации кои што не можат да се употребат за активности на партиите. Затоа што на овој начин се прејудицира дека некој е тој кој што треба да цени дали одредена политичка партија некои активности треба да ви ги прави на овој или на оној начин. Директно се навлегува во самостојното функционирање , односно во политичките активности на политичката партија. Тоа може да стои дека согласно нивниот статут, тоа е во ред, самата политичка партија во статутот си определува што е она што таа може да го употребува како метод како политичка форма.

Во третиот став од овој член се дефинира донацијата и дека како донација се смета и давањето на бесплатни услуги на политичките партии, како и давањето услуги на политичките партии за кои плаќа трето лице. И она што е чудно тука е давателот на услугата е должен да ја извести политичката партија за вредноста на дадената услуга.

Значи услугата која што е дадена безплатно, оној кој што ја дава таа услуга треба да ја искаже вредноста и да ја извести политичката партија, на чие барање се извршува таа услуга, колкава е нејзината вредност. Од друга страна, во наредниот став од овој член стои дека разликата помеѓу пазарната вредност и платената цена се смета за донација. Значи услугата, односно вредноста на услугата, ако е бесплатна таа услуга може да биде многу растеглива категорија, која што апсолутно не зависи од овој закон, од одредбите на овој закон или од ограничувањата што ги дава овој закон, туку зависи од она како ќе ја дефинира оној што ќе ја даде таа услуга, односно политичката партија која што ќе му каже оваа услуга ќе ја завршиш и за таа услуга ќе ни испратиш известување дека таа услуга вреди толку и толку

средства. Кој е тој што ќе утврди дека при бесплатна услуга, таа услуга значела толкав или оналков трошок што се содржи во цената на таа услуга.

Немањето на органи кои што ќе се занимаваат со оваа проблематика, освен какјо што реков на почетокот за Министерството за финансии и Управата за јавни приходи, чии што директори и раководители, односно министерот се директни претставници именувани од страна на партиите, или одредена партија на власт, апсолутно неможе да биде гаранција за независна контрола и законито контролирање на политичките партии од опозицијата зборувам, затоа што од позицијата секогаш ќе работат законски, кај нив нема корупција тие се финансираат на многу добар начин, на најзаконски начин итн, а од друга страна опозицијата е таа која што е лошата страна, секогаш тоа така излегува.

Непрофитабилното работење, нешто спомна г-динот Жерновски при неговата реплика дека во консултации со одреден државен ревизор, тие сметаат дека каматитене се сметаат за профит. Јас незнам за што се сметаат. Донација, членарина, во кој дел од овој член влегуваат, ако не се сметаат за профит. Каков вид на приход се, тоа не е дефинирано.

Значи, исто така, закупнините, издавањето на одреден дел на простор под закуп, сопственост на одредена политичка партија, според непрофитабилната поставеност на политичките партии, исто така, според овој закон претставуваат непрофитна работа, затоа што издавањето под закуп, свесни сме сите ние дека неможе да биде непрофитна работа, затоа што одреден објект се дава , не само за да ги покрие трошоците за негово одржување, туку и трошоците што ќе значат создавање на профит за одредена политичка партија и користење на тие средства за одредена политичка активност. Значи апсолутно не држи.

Да не должам многу, спомнав на кој начин јавните установи, јавните претпријатија и јавните фондови и другите правни лица кои што располагаат со државен капитал, иако постои забрана за директно финансирање, тие имаат огромни можности за индиректно финансирање на политичките партии. И во однос на претпријатијата и во однос на правните субјекти, кои што се основани од македонски државјани во странство, исто така може да претставуваат и тие лица како рамноправни граѓани и како државјани на Република Македонија можат најлегитимно да даваат донации, да финансираат активности на одредени политички партии, според мое мислење, а не да се врши комплетна забрана, како што е направена со овој закон на финансирање на политичките партии од странски правни лица, иако тие правни лица се основани од македонски државјани.

По однос на членот 21, алниеја 5 , стои дека претпријатија кои имаат најмалку 20% учество на државен капитал, јавни установи и институции, вклучувајќи ги и тие кои го почнале процесот на приватизација, значи не можат да финансираат политички партии.

Прво и основно прашање е зошто 20%. Зошто не 10%, зошто не 50%. Значи проценката за процентот на учество на државен капитал во одредено претпријатие, врз основа на можностите на неговон учество во одлуките и 10% ако има некој во име на државата можност да учествува во управувањето со тоа правно лице, може да влијае на одредени одлуки, што се однесува на функционирањето и деловната политика на тоа правно лице и многу лесно може да влијае за давањето на донации кои што се во моментот на власт и кои што преку претставникот на тој државен капитал, можат да извршат влијание за одредени донации во нивна полза.

Вклучувајќи ги тие што го започнале процесот на приватизација, значи имаме уште многу, кои што треба да го завршат процесот на приватизација и тоа е едно признание за состојбата во која што се наоѓаат со приватизацијата фирмите со приватизацијата во Република Македонија.

Понатаму, анонимни или неедиштификувани извори има забрана за финансирање на политички партии. Јас се согласувам дека тие анонимни неедиштификувани извори претставуваат основа за коруптивно финансирање на политичките партии, меѓутоа, основно прашање е што со оние кои што не смеат, заради политички притисоци да станат неанонимни. Значи се доведува во една ситуација, ако веќе има анонимни или неедиштификувани извори, тогаш лимотот , односно забраната за финансирање од вакви извори да постои, меѓутоа, да не биде вака целосна забрана каде што оној што моеже да трпи последици, заради финансирање на одредена политичка партија, му се забранува во целост да учествува во финансирањето на таа политичка партија.

И на крајот во преодните и завршните одредби, сметам дека се гледа конечната цел на овој закон, првично што го кажав дека целта на овој закон не е регулирање на прашањето од оваа област, затоа што казните по казнените одредби стојат, се однесуваат за физичко лице од 30 до 50 илјади денари, а на правно лице се однесуваат од 100 до 500 илјади денари, меѓутоа, ако овие износи како казни постојат, а се однесува на 100 плати за физичко лице и 200 плати максимум финансирање на правно лице, навистина сметам дека има огромни можности за изигрување на одредбите од овој закон, затоа што не се ниту доволно санкционирани, а не се ниту доволно прецизирани.

И во предоните и завршни одредби во ленот 34, стои дека политичките партии, се должни да изготват попис на имотот со кој располагаат во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.  Значи попис на имотот, меѓутоа, начинот на стекнување на овој имот, вредноста на овој имот, вредноста сигурно ќе биде утврдена на некаков паушален начин, меѓутоа, начинот на стекнување на овој имот, легалноста, легитимноста, не се утврдува на овој начин.

Што  значи целокупниот тој имот кој што е даден по наследство од некого си останува само со попис во сопственост на некој друг.

И во членот 37 стои дека со денот на влегувањето во сила на овој закон, престануваат да важат одредбите од Законот за политичките партии, што се однесуваат на финансирањето на политичките партии. Јас тука ќе ги потсетам колегите предлагачи дека во овој закон се регулираат и прашања, кои што се однесуваат на изборната кампања и прашања кои што се решени со Законот за избор на пратеници и со Законот за локални избори и на тој начин сметам дека не само што треба точно да се утврдат кои членови престануваат да важат од Законот за политички партии, затоа што не може оние кои се однесуваат, тоа може да биде секој оној кој на директен или индиректен начин се однесува оваа проблематика, туку и оние прашања кои се решени со Законот за локални избори и Законот за избор на пратеници и Закон за избор на претседател на Република Македонија.

Финансирањето на изборните кампањи ќе биде уредено со посебни закони што ги регулираат изборите и тоа е она кое што кажува дека финансирањето на политичките партии согласно овој закон, не се однесува во периодот на изборниот процес и што претставуваат избори и што претставува финансирање на изборите, односно изборниот процес, затоа што никој неможе да потврди дека денешното финансирање може да се третира како нормално финансирање на политичките партии, а не на пример финансирање на наредните локални избори, или на изборниот процес во наредната година. Значи апсолутно неможе да се утврди на кој начин ќе се применува овој закон и од тие причини, јас сметам дека овој закон е неприменлив таков каков што е предложен и заради тоа ќе гласам против него.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Претседателе, да одговорам кратко на искажувањата на колегата.

Да почнеме од обвинувањата дека овој закон го третира само финансирањето на политичките партии, а не кампањата. Јас мислам дека тоа беше дилемата што

беше присутна на почетокот и сега можам да одговорам со аргументи. Јас не случајно го прочитам документот од Советот на Европа во врска со условите, принципите и приоритетите кои што треба да се остварат како партиски однос меѓу Република Македонија и ЕУ, во врска со оние задачи што ги имаме ние. Ќе потенцирам во делот на поправање на борбата против корупцијата , вели дека освен имплементирање на стратегија за борба против корупцијата и зголемување на институционалниот капацитет за воопшто да се прозицира корупцијата, на крајот е набележано да се прифати легислатива за финансирање на политичките партии. Само за политичките партии, а не и за кампањите. Значи тука е веќе одвоено. Јас ви напоменав и мислам дека тоа сите пратеници го знаат дека според Советот на Европа, задолжена организација која што треба да го прати имплементирањето на Советот на Европа, како што знаете е ГРЕКО ќе ви ја прочитам верзијата, односно заклучокот на претседателот на ГРЕКО, ви за ви нашиот закон. Цитирам;" Значи г-динот Драго Кос , како претседател на ГРЕКО. По оваа верзија на Нацрт закон за финансирање на политичките партии, подобро од сите претходни во Република Македонија и на крајот, повторно ќе забележам дека тие се според препораките на Советот на Европа, односно имплементацијата на Советот на Европа ќе биде контролирана од страна на ГРЕКО, група земји против корупцијата. Значи таа е надлежна од Советот на Европа имајќи го во предвид студиозниот пристап кон изработување на овој закон, не постои сомневање дека Република Македонија ќе усвои квалитетен и демократски закон за финансирање на политичките партии каков што е овој предложениот. Јас не знам од каде сомневањата што ги имате дека се работи за помалку квалитетен закон, затоа што во оваа фаза го регулира самофинансирањето на политичките партии, кога тоа е она што е набележано и мислам дека Македонија треба во овој период тоа да го реши.

За даночните олеснувања се согласувам го кажав тоа. Уште во втората фаза треба да се размисли. Ние најавивме на тие тркалезни маси на Владата дека ќе побараме во некоја друга фаза со посебен закон да се реши ова прашање.

Според препораките и според мислењето на Советот на Европа се набелжува точно кои земји го употребиле, а кои земји не го употребиле. Цитирам: "се согласуваат дека даночните олеснувања за донациите за политичките партии може да поттикне политичко учество и ангажман во партиските активности, што е и мое мислење, но спротивно на тоа, употребата на даночниот систем во корист на политичките партии, со што некои или сите форми на донација за политичките партии се иземени од данок им помага на партиите директно, но не поттикнува

донации за нив”. И вели дека “Обединетото кралство, каде идејата за даночно олеснвуање е одбиена врз иста основа како и државната помош за политичките партии во таа земја”.

На крајот, ме зачудува интенцијата да ја оспорувате транспарентноста на овој закон, кога можам, а тоа ќе ви го докажам  и со табелата, сега не знам како да ја покажам, каде е ставена Република Македонија врз основа на првичниот закон, врз основа на сите земји, што се поделени на земји каде што транспарентноста не е објавена, со ниска транспарентност, со средна, висока и највисока. Во тој момент сме биле ставени поради Нацртот, во земји што имаат средна, значи следната фаза е највисока, а овие промени ги внесовме сега во последната фаза.

Напротив, токму транспарентноста на нашиот закон е оценета како исклучително висока и во споредба со други земји е нешто што е навистина за пофалба. Затоа што, како што напомнав, политичките партии и Државниот завод за ревизија се должни да го објават регистерот што го подготвуваат политичките партии, што значи должност е да бидат објавени донациите, висината, потеклото, врмето кога е дадена донацијата и се разбира она што е многу битно, името на визичкото лице, односно на називот на фирмата.

Да не заборавам, она што е напомнато цело време во препораките на Советот на Европа, вели:

“Обврска да се прикаже и објават сметките:

а) Државите треба да бараат од политичките партии редовно да ги приложуваат сметките,

б) Државите треба да бараат од политичките партии редовно и најмалку еднаш годишно да ги објавуваат сметките посочени во членот тој и тој”.

Ние тоа токму тоа го правиме. Тука добивме, верувајте, без никаква интенција за некакво самопофалување, доста добри критики.

Во однос на членот 27, не знам зошто го толкувате така кога вели дека службеното лице кое е овластено да врши дејствие во постапка на контрола на финансиско материјално работење не смее да биде член на политичката партија во која што врши контрола. Тоа е токму за да се спречи протежирањето на партиите што се на власта, а не да се наштети на некого што е во опозиција.

Да дојдам до главната поента, да не должам, каде беше најголемото изненадување кај нашите партнери: Совет на Европа, ЕУ, Канцеларијата, ГРЕКО, ИФЕС и тн. Во другите земји каде што демократијата започнала во слични услови како нашата, да се прецизира посебен закон побарале или граѓаните или

невладините организации или синдикатот, пред се граѓаните, затоа што сакале да видат како се трошат парите.

Во Република Македонија, да не заборавамe, сега велам дека ова е ве ќе иницијатива на целиот Парламент, ја покренаа пратеници кои доаѓаат од партијата на власт. Значи, да ве цитирам вас дека ние сме сакале со овој закон, сакаме да го официјализираме тоа, да правиме контрла, како што рековте да пуштаме контрола на опозицијата или да правиме притисоци, тоа не може воопшто да држи, бидејќи, еве, ако сме сакале во останативе две години тоа да го правиме, воопшто немаше да го регулираме тоа прашање. Значи, пофалбата што ја добивме за Република Македонија, тоа е битно, не е битно од која партија се пратениците, е тоа што пратеници од власта решиле да го санкционираат ова однесување, односно да го регулираат ова прашање.

Што значи дека не само што немаат намера да продолжат понатаму да работат во таа сива зона, туку напротив, сега кога се на власт, да го регулираат тоа прашање. Затоа сметам дека нема основа да се каже дека интенцијата на овој закон е таква. Таа е, не само да се спречи корупцијата и притисоците туку напротив, да се зголемат притисоците врз политичките партии, особено на оние од позицијата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Стојаноски, имате три минути реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Ќе бидам пократок, затоа што со она што беше искажано, се повторува и потврдува она што го кажав преку говорницата. А тоа е дека со овој закон не е дефинирано што од овој закон се однесува на финансирање на изборната кампања, а што од овој закон се однесува на тековното финансирање на политичките партии. Значи, има голема недоследност и непрецизност во однос на утврдувањето на тие две прашања.

Уште еднаш, не ми е јасно зошто или не одеа заедно Законот за финансирање на политичките партии со Законот за финансирање на изборната кампања или во еден закон, со посебен дел да беше за финансирање на политичките партии, а посебен дел за финансирање на изборната кампања и на тој начи, во целост да се решеше ова прашање.

На овој начин, единствено што можев да заклучам, независно дека се работи, а тоа и причина повеќе дека се работи за пратеници од власта, дека со овој закон се сака да се покаже волја дека заради притисокот на Советот на Европа или други

причини дека се сака да се покаже волја да се решат прашањата што се однесуваат на финансирање на политичките партии, а од друга страна, со ваков законски текст тоа прашање да остане сеуште отворено, ако не во целост, барем оној дел што не е дефиниран, односно финансирањето на изборната кампања и нејасните одредби што се однесуваат на финансирање на политичките партии за нивните текови и активности.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Шапуриќ вие како претставник, повелете.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Како што забележавте не се јавуваме секогаш и ги кратиме дискусиите, односно ги делиме по области, па нема да бидам долг.

Почитувани колеги, посебно ќе му се обратам на почитуваниот колега Блаже Стојаноски, законот одеше во три фази. Таа иницијатива беше поддржана во Парламентов, значи да оди во една широка фаза како Предлог за донесување на закон и да има јавни расправи, трибини, тркалезни маси и тн. Тоа беше поддржано. После тоа, навистина очекував како еден од предлагачите, доколку има амандмани, сериозно да поразговараме околу тие амандмани и нешто дали може да се прифати. За жал не дојдоа амандмани и сугестии.

Дел од сугестиите што денеска се изнесуваат, воопшто не беа изнесени во претходните расправи. Морам да кажам дека ова што велите дека законот се носи поради ЕУ, Советот на Европа и тн., воопшто не е точно, бидејќи законот се носи пред се заради граѓаните кои ќе имаат можност за јавен увид во работењето на политичките партии, а второ, што вие добро го знаете, Советот на Европа, ЕУ и сите други институции, ИФЕС и невладини организации се вклучија отпосле, откако помина првата фаза во Парламентот. Тие самите изразија интерес да помогнат со експертизи, тркалезни маси и тн., бидејќи вие знаете дека Собранието нема таков буџет да пратеник или група пратеници ангажираат експерти, организираат тркалезни маси и тн. или повикаат експерти од странство. Треба малку повеќе верба да имате како правник на правните експерти, на Советот на Европа, на домашните експерти, на групата ГРЕКО и тн., бидејќи сите овие прашања беа претресени.

Но, да бидам поконкретен, само неколку работи што беа наведени.

Околу казните за прекршоци. Имаше големи дилеми, меѓутоа вие знаете дека ова е лек специјалист виза ви одредбите од Законот за финансирање на политички

партии што се однесува за прекршоци, што се посебни норми во однос на Законот за прекршоци. Таму е даден лимит. Тоа се тие казни. Не можат да бидат поголеми. Од таму е ставена одредба што не е спротивна на тој закон, ниту со Уставот, да ако една политичка партија во текот на една година направи два прекршоци да биде казнета со лишување на средства за една година. Дури се размислуваше, тука е голема расправа, дали може да се казни заради ваквите повреди и со неучество на избори. Меѓутоа, поширока дебата, доведе до заклучок дека тоа решение е противуставно. Дека политичката партија да ја казниме да не учествува на изборите би било противуставно решение.

Исто така знаете дека и физичко лице, невладина организација или било која друга може да остварува камати, па сепак не е профитна организација. Работата е во тоа да средствата бидат користени исклучиво во работењето, а исто така поставивте прашање со право од каде 20%.Еве од каде, за фирми што се приватизирани над 80%, само тие да можат да учествуваат бидејќи ако е 50 или 51% општествен или државен капитал од еден стопански субјект, тоа значи дека не може. Меѓутоа, исто така знаете дека во процесот на транзицијата има голем дел на стопански субјекти што се приватизирани 97%, 95%, 90% а не можат објективно, бидејќи основачи се другите стопански субјекти кои учествуваат со општествен капитал, а нивниот статус, само од тоа. И, дојдено е до бројка 80% како најприфатлива, значи еден висок степен на приватизирана фирма. Инаку можела да биде и 90% и 97%. Од објективни причини.

Еве јас толку.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Караџоски, бидејќи беше над три минути имате право на реплика од три минути.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас би сакал да реплицирам на господинот Шапуриќ.

Прво, господине Шапуриќ, среќа што сте двајца предлагачи. Инаку, ако цела ЛДП предлагаше, повеќе вас ќе ве слушавме отколку што можевме ние да коментираме. Како го предложивте законот во три фази, ќе ни требаше година дена да завршите.

Инаку, од сето што зборувавте не слушнав која област вие ја покривате оти најавивте дека за онаа област за која што Жерновски не зборуваше вие сте тој кој е

задолжен за тоа. Меѓутоа, господинот Жерновски толку зборуваше што не знам која област остави непокриена.

Од ова што го слушав, веројатно не знам која област остана непокриена, но со оглед дека си имате обичај некогаш и да ги промашувате областите, не е ниту страшно.

Инаку, добро е господине Шапуриќ само едно, не само доколку не бевте само вие двајца, доколку не беше целата пратеничка група, ние денеска најверојатно немаше да го гледаме овој закон. А, дали пак сега сме почувствувале во третата фаза да го кажеме тоа што го имаме како забелешка, дали не спречува Деловникот? не не спречува.  Имаме конкретен предлог. Сега сме почувствувале дека треба да го кажеме и не гледам тука ништо страшно. Дури се надевам дека еве вие господине Шапуриќ можеби сте задолжени за областа повлекување на закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Шапуриќ, една минута контра реплика.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Најпрво да ви кажам, јас очекував, ако веќе имате некои сериозни забелешки, бидејќи стенограмите кажуваат дека вие најмногу го фалевте овој закон и во прва и во втора фаза, од каде радикален пресврт во вашите ставови, не знам. Но, тоа е ваше и деловничко и политичко право.

Сакам да кажам дека на сите овие тркалезни маси што ги организираа меѓународните организации беа поканети сите политички субјекти. А вие имавте посебна покана како претседател на Комисијата за финансирање и буџњет. За жал, не најдовте за сходно ниту еднаш да дојдете на овие расправи во Организацијата на Советот на Европа или било која друга институција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Стојаноски имате три минути реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

И покрај искажувањата што ги слушнавме јас не добив одговор дали се остварува целта на донесувањето на овој закон, а тоа е уништувањето на мотивот за корукутивно финансирање на политичките партии. Затоа што, ако до сега немаше законска регулатива и немаше директно финансирање на политичките партии од Буџетот на државата и од буџетите на единиците на локалната самоуправа, тогаш, дали со финансирањето што изнесува 500 илјади евра за сите политички партии, за

цела година нивни активности, се уништува овој мотив за коруктивно финансирање кај политичките партии? Јас сум сигурен дека тоа не е случај.

Втората работа, се согласувам со господинот Шапуриќ дека, сметам и понатаму ќе го застапува иститo став, а тоа е дека законите во Парламентот на Република Македонија не се носат заради Советот на Европа, туку се носат заради граѓаните на Република Македонија, а со цел да се усогласат со регулативата на ЕУ и на тој начин ние да се приближиме до демократските односи што владеат таму.

Се согласувам, дека треба законски да се регулира оваа област, меѓутоа, уште еднаш ќе повторам целосно законски да се регулира и изборна кампања и тековно финансирање на политички партии и сите оние казни или други мерки што треба да бидат преземани по однос на незаконското финансирање на политичките партии. А, како  пример за даночно олестување, со цел да го потврдам тоа што го кажав преку говорница ќе ги посочам државите кои веќе имаат воведено вакви олеснувата, а тоа се: Чешка, Полска, Русија, Турција и Украина.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Сега збор има пратеникот Трендафилов, а нека се подготви пратеникот Исмет Рамадани.

Повелете господине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Исто како и во Законот за државјанство, укажувањата од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и тогаш не беа земени во предвид и во предложениот законски текст од господино Шапури и од господинот Жерновски не е земено во предвид една реалност.  А имено на македонската политичка  сцена од 1990 година па наваму политичката реалност вели дека ВМРО со легализацијата во 1990 година како збир на повеќе национални движеја, својата активност сепак во комунистичкиот период воглавно ги имаше надвор од границите на тогашна Социјалистичка Федеративна Република Југославија.  Да ве потсетам дека задграничните комитети на ВМРО дирекно или индирекно, се вклучени луѓе кои никогаш и не биле државјани ниту на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, ниту на тогашна Социјалистичка Република Македлонија и со овој закон, актуелниот Закон за државјанство не можат да бидат државјани на Република Македонија, но сепак нивните активности во рамките на борбата за независност на Република Македонија секако не биле незабележани. За тоа секако впрочем сведочат и многу документи од

соодветните служби кои се занимавале со активностите, претежно на македонската политичка емиграција. Со самото тоа што вие ги оневозможувате да учествуваат поблиску, макар и преку симболичното партиципирање во некаков иден партиски буџет, или како тоа вие сакате да го наречете, повторно се прави уште една неправда која се однесува исклучиво на македонците по род. Значи велам, особено за македонците по род од втората или третата генерација чии родители ги напуштиле своите домови со пасоши на туѓи држави, а не со македонскиот пасош и следствено на тоа и нивните потомци како македонци по род денеска не можат да го остваруваат правото на македонско државјанство.

Во рамките на она што се предлага, ако законскиот текст го нарекувате Закон за финансирање на политичкитер партии, кои можби своето место на пленарна седница треба да го најде како завршување на еден процес кој пошироко би го обележиле како во рамките на изборното законодавство кога ние ќе имаме унифициран систем од погледот на цензусот до погледот на начинот на кој ќе се одвиваат изборите. Вие знаете дека ние имаме сосема различни правила на однесување во услови кога станува збор за парламентарни избори, во услови кога станува збор за претседателски избори, кога станува збор за локални избори.

Исто така, кога велам дека можеби овој закон ќе требаше да дојде на крај, доколку ние претходно не ги прилагодевме или не ги унифициравме тие стандарди што би важеле, повеќе или помалку идентично, без оглед на видот на изборите што се држат во Република Македонија, а во меѓувреме да се обидеме првенствено, да речеме во членот 16 од Уставот на Република Македонија, се вели дека во Република Македонија се гарантира слободниот пристап до информациите. Значи, јас под информации ги подразбирам информациите на државните органи и институции во Република Македонија, се разбира не и оние кои можеби ја тангираат националната безбедност и за кои што постои законска можност одредени информации од таков вид да не бидат достапни до пошироката јавност.

Сакам да истакнам дека во севкупните реформи во таканаречениот Акционен план на Владата на Република Македонија не сум видел, барем во пракса немам сретнато, а верувам дека сте и вие свесни за десетици примери кога правото на слободен пристап до информациите не е на нивото потребно за да се оствари непосредна или нормална комуникација помеѓу граѓанинот или било кој кој има потреба од информации што се во сопственост на државна институција или друг орган на управа под контрола на државата.

Значи, кога тоа не функционира во пракса, а е одредено со Уставот како уставна обврска, тогаш предлагачот значи, нашите колеги од Собранието очекувааат пак партиите кои сепак почнуваат од облик на здружение на граѓани да дозволат секој да може да се занимава со она што се претставува финансиско работење, што како опција и како определба не е спорна , но неколку други предуслови не се исполнети.

Имено, очекував за да го решиме прашањето на финансирањето на политичките партии, мислам дека неизоставно е да се реши во еден поширок законски проект во кој би биле опфатени пред се здруженијата на граѓаните и на невладините организации, се разбира и политичките партии. Затоа што мислам дека е премногу очигледна спрегата  во Република Македонија, помеѓу невладините организации и одредени политички партии. Каде што вие можете да ги ограничите дури и на овој начин како што е предложениот законскиот  предлог текст пред нас, значи ние можеме да ги ограничиме партиите да се однесуваат така како што треба да се однесуваат според овој законски текст, но од друга страна невладините организации преку невладини организации  или здруженија на граѓани,истите тие политички партии кои на оваа страна ги ограничуваме сосем нормално ќе работат или ќе ги злоупотребуваат финансиските средства во свое владеење на начин како им одговара. Значи,овој закон , кратко кажано нема да има некој поголем ефкет. Затоа сепак мојот предлог е: Првенствено, Собранието и сите оние пратеници кои себеси се гледаат како поупатни во овие прашања, можеби е подобро да се концентрираат, да ги  поттикнат државните институции, значи Владата за која тие гласале, да го почитуваат членот 16  од Уставот на Република Македонија, каде што се гарантира слободниот пристап кон инфорамциите. Не сакам да ги набројувам примерите, сите сме свесни за дузина примери кои говорат дека членови на Владиниот кабинет, носители на државни функции назначени  или од Собранието или од други политички функции во Република Македонија, го избегнуваат директно правото на граѓаните на слободни инфорамции. Да не одиме многу далеку, впрочем ние имавме една пракса во Собранието, вели последниот четврток имаме пратенички прашања, можеме да ги изброиме напрсти пратеничките прашања и начинот  на кој Владата ги третира поставените прашања.

И, во меѓувреме, тие пратеници кои се сметаат себеси поупатни да се концентрираат на максимално унификации на изборните ппроцеси во Република Македонија, а во меѓувреме  Собранието на Република Македонија да поработи на регулирање на сферата во која се допираат Здружението на граѓаните, невладините

организации и политичките партии. Затоа што илузорно јас не верувам дека доколку овој закон да речеме помине, а ние не го регулираме прашањето на невладините организации како тие се финансираат и како тие влијаат на политичкиот процес цо Република Македонија, да ве потсетам на кампањата ливчето не може да отиде само , или ливчето не може да си дојде само. Од сето тоа сега нема ниту трага и мислам дека влијанието на таквите организации, треба да биде предмет на по прецизна законска регулатива. Доколку тоа изостане овој закон само ќе биде проформа и ќе биде сватен дека во политичкиот, во јавниот живот во Република Македонија, преку овој закон една политичка партија која во моментов ги ужива ресурсите на институциите на Република Македонија, ќе може да влијае во насока на оневозможување на функционирање на други политички партии кој во моментов не се во состојба да ги уживаат на подеднаков начин или да ја чувствуваат заштитата на подеднаков начин, институциите на саистемот како што тоа го прави партијата која може да ги користи и за жал да ги злоупотребува капацитетите на Република Македонија.

Значи, нема некоја универзална формула, освен намерата која верувам дека е повеќе или помалку јасно изразена кај повеќе дискутанти досега, дека намератае да се создаде законска регулатива за оваа појава, но таа не може да се гледа изолирано, затоа што праксата во Република Македонија, за жал покажа дека одредени сегменти на таканаречената невладина заедница во Република Македонија, често пати за жал, влијаеа директно или на непримерен начин врз одредени политички процеси или врз одредени политички процеси или врз одредени политички избори во Република Македонија. И како што г-динот Жерновски се прашува од каде се односно, не знае од каде се финансира Либерал демократската партија. Јас незнам за дузина невладини организации во Република Македонија, од каде се финансираат, а тие се доста моќни , доста присутни и велам впрочем и на последните претседателски избори видовме, колку финансиски средства можеа и си дозволија да ги пласираат во рамките на предизборната кампања.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има г-динот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитувна госпоѓо потпретседател, почитувани колеги,

Јас да ви ја кажам вистината, во принцип подржувам иницијативи, предлози, посебно кога станува збор за предлог закони од мои колеги. И тогаш кога не се

согласувам со содржината или со решенијата кои ги нудат колегитие за еден факт дека треба тоа што сумго рекол многупати, да навикнеме, да се научиме иницијативите на колетите да се подржуваат, со самиот факт дека отпочнува нешто позитивно во донесувањето на законите или предлозите и од страна на моите колги што ретко се случува во ова Собрание.

Покрај другото, овие двајца колеги Жерновски и Шапуриќ, ни ја дадоа можноста во три фази почитувајки ги сите парламентарни постапки, процедури ние да ги дадеме укажеме нашите забелешки и на еден начин да го изразиме нашето размислување во одно сна овој закон кој се однесува за финансирањето на политичките партии. Во суштина, овој закон кој е изготвен со севкупни широки консултации, вршејки компарации со многу држави кои го имаат решено овој проблем и со многу релевантни институции на Европската унија и Советот на европа. Но, лошото е во тоа и што и јас жалам дека овој закон нема ретроактивен ефкет, значи не може да го корегира минатото, а минатото било и дискутабилно и денес и сомнително за збогатувањето и окомодирањето на многу политички партии кои сега многу комотно и многу добро стартуваат и со овие извори и со овие закони, бидјеки многу проблеми од финансиски аспект ги имаат решено, а посебно кога се говори за просториите во кои дејствуваат опремата, во самите простории и комоцијата што ја уживаат, наследувајки го од минатиот систем.

Исто така, овде е добро што се врши една дистинкција што значи финансирање на политички партии, а што значи финансиски активности и што значи извори односно финансиски извори. Верувам дека многу од моите колеги нема да се согласат и не се согласуваат со износот кој е предвиден од 0,08% од Буџетот на државата за политичките партии, од тоа што 70% се за политичките парламентарните партии и 30% за политичките партии кои имаат поминато во последните избори цензусот од 1%. Зошто мислам дека политичките партии треба да имаат услови за да работат и да дејствуваат и елементарни услови кои им ја даваат можност ан аполитичката апртија да функционира и да дејствуваат. Го велам ова, бидејки доколку овие услови не се создадени, тогаш минатото на дејствувањето на политичките партии говори, а доколку не се почитува и овој закон со оваа нормaтива, ние и понатаму ќе му дадеме шанса на тоа што многу често госпомнуваме, на корупцијата, криминалот во рамките на партијата која подоцна преминува во државните институции. Дури опасноста е уште поголема, доколку се дозволи корупција и криминал или посткриминални постапки во рамките на политичката партија од разни лица, само поради фактот за да ја зајакнат партијата,

со цел таа да биде моќна и во опозиција и во позиција. Нас ќе не доведе во една состојба, тие истите луѓе и утре кога ќе ги инсталираме во државните институции да имаат толеранција од самата политичка партија на валст, велејки му едноставно народно, овој човек треба на ова место, бидејки овој човек ниноси пари. Вака, на овој начин ние го институционализираме криминалот и во институциите, значи и кога сем во опозиција и кога сме во позиција. Поради овие причини и прашања треба да сме внимателни и треба да имаме, покрај тоа нормативни одредби, како што се во законот, сето тоа да биде на транспарентен начин што значи финансирање и финансиски извори за една политичка партија.

Исто така, институцијата на контролата на политичките партии да ја афирмираме и да дадеме можности така као што го предвидува и законот. Бидејки, до колку тие донации и тие финансиски извори доаѓаат од поедини лица и од групи кои ја финансираат некоја политичка партија, без оглед која е таа партија, тогаш и центарот на одлучување се изместува од структурите на политичката партија и преоѓаат во нешто сосема друго. Тогаш, многу нормално е дека може да има и политички диктати и диктати за да се сместат разни кадри во разни институции и со сето ова се нарушува тој ред и се нарушува тоа што значи нормално функционирање на една политичка партија. И кога нема нормално функционирање со буџетско финансирање на една политичка партија, уште еднаш ќе повторам, сето ова ќе се одрази и ќе бид еи дел, негативен дел на функционирањето на партијата и кога е во институција или кога е учесник и во самата Влада. Доколку ги имаме овие прашања предвид и до колку вака се размислува, значи и законот да функционира, со самиот факт дека сега го има ослободено законот кој денес го донесовме Законот за политички партии од некои одредби кои го регулираат финансирањето на политичките партии, тогаш нас ни останува понатаму во зависност од употребата односно одлучување, сместување во пракса на овој закон да го продолжиме овој закон да гоусовршуваме во состојби на кои ќе ни укажат каде ќе ни се јават слабости во текот на имплементацијата односно практицизирањето на овој закон. Ние на еден начин и во претходниот Закон сме имале одредби кои ги имаат решенона еден начин финансирањето на политичките партии, но треба да бидеме искрени сите политички партиии јас велам речиси сите политички партии на еден начин ги имаат злоупотребено и тие одредби што сме ги имале во претходниот Закон. Но, за почеток, мислам дека и покрај тоа со сите овие забелешки кои сме ги укажале во текот на постапките што сме ги имале во ова Собрание во однос на овој закон, мислам дека е подобро да имаме еден закон во кој имаме можност да го

подобруваме усовршувањето со измени и дополнувања, одошто да немаме закон кој ги дефинира овие прашања, така како што е направено залагање од овие двајца наши колеги на еден начин да ги дефинираме праШањата кои ни овозможуваат и покрај тоа едно малку понормално функционирање на политичките партии.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви благодарам г-дине Рамадани.

Повелете г-дине Хисни Шакири, пријавени сте, имате збор.

ХИСНИ ШАКИРИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Уште од почетокот би сакал да кажам дека пред нас имаме закон кој е многу значаен и долго време ние не сме постигнале да регулираме едно прашање за кое што сите сме сведоци дека  имало простор сешто да е случува во рамките на политичките партии, само од причина да се постигне до финансиските средства и зошто да не кажам и самите политички партии биле тие кои не се придржувале до некои законски критериуми кои биле основа за да се избегнат разните злоупотребувања. Со овој закон мислам дека предлагачите успеале исклучително многу за оваа фаза, за овој почеток законот како таков се гледа дека можеби не е сосема совршен, може во текот на времето да се забележат и недостатоците и да се види каде е потребно да се интервенира и мислам дека тоа во иднина да се случи. Меѓутоа, би сакал да ги поздравам сите тие кои успеаа да предложат закон и Парламентот да расправа за едно значајно прашање кое што години по ред вор азни парламенти и разни состави, не успеале да го регулираат ова прашање, дефинитивно да и дадеме една законска правна форма на оваа работа, партиите сами како такви, кои што се и носители на власта да ги избегнат, да речам тие форми на злоупотребување на финансиските средства. А, сега, овде се спомна во еден сегмент и прашањето на корупцијата. Вистина е дека политичите партии сакале или не, тоа е една реалност која досега се случувала и сите политички партии во власта кои биле едни од тие кои што торелирале корупциј аи зошто да не кажам, најзгодната форма за доаѓање до финансиски средства, можеби и до неограничени финансиски средства би била формата на корупција, на мито и на другите прашања кои всушност законски биле строго забранети. Меѓутоа, не постоел закон кој што можеби би го регулирал едно прашање, токму политичките партии да имаат една рамка, врз основа на која ќе треба самите да се финансираат.

Со овој закон ова прашање на некој начин ќе биде помогнато и една појава која е опасна за секое општество, ќе може да се избегне. Сега е формирана и Комисија за борба против корупцијата. Овој состав уште од почетокот постигна резултати, такви какви што се, не ги знаеме, меѓутоа со овој закон сега се овозможува и оваа Антикорупциска комисија да биде поуспешна.

Казнените мерки кои се предвидуваат со овој закон се исклучително добри. Меѓутоа треба уште еднаш да се разгледаат и можеби треба да бидат и поостри и построги кога имам предвид значи злоупотреби. За да се избегнат тие злоупотреби и политички партии треба да има казнени мерки пред кои сите ќе треба да одговараат. Тоа што се предвидува во овој закон, во оваа фаза во овој момент мислам дека се исклучително добри и се гледа дека законот ги има опфатено речиси сите прашања. Сега ако го разгледаме подетално има уште да се додаде, меѓутоа ќе ви кажам во старт би било подобро да се одговори повеќе што се опфатил овој закон. Меѓутоа со тек на време со спроведување на законот кога ќе се видат многу недостатоци можеби тогаш ќе имаме време да направиме уште посовршен закон. Меѓутоа за почетокот ви кажувам дека е ова позитивен чекор и мислам дека предлагачите на законот заслужуваат посебна почит што за прв пат се поставува една законска рамка за регулирање на ова прашање. Сега колку ќе бидат партиите коректни и ќе ја почитуваат оваа форма на финансирање на партиите мислам дека е прашање на време и времето само ќе го покаже тоа што треба и тоа што го посакуваме и што посакуваат и предлагачите на законот колку-толку да се избегнат некои прашања кои што сега засега создале недоверба кај политичките партии од страна на граѓаните за многу прашања. Мислам дека овој закон ќе помогне во оваа насока да колку-толку политичките партии се одбранат од едно етикетирање што е многу тешко и произлегува токму од оваа област.

Затоа, ние ќе го поддржиме овој закон и мислам дека овој закон ќе се покаже успешен во практичниот живот и во функционирањето на партиите што се однесува на финансирањето. Уште еднаш ќе нагласам тука се регулира едно осетливо прашање, регулира еден проблем кој, да ви кажам, во оваа насока постоело манипулации и злоупотреби од самите политички партии. Сега го имаме законот, со актот на усвојување на овој закон, ќе треба да го почитуваме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господини Хисни Шаќири.

Повелете господине Вејсели, имате збор.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници,

Ги почитуван тие што ни предложија еден ваков закон кој денес е пред нас. Тоа е еден закон кој е изготвуван подолго време, закон за кој се иземени многу размислувања од други европски земји и мислам дека помина во неколку фази, постигна една согласност од висок степен, посебно во овој Парламент за да се предложи и да се донесе еден закон кој, за несреќа, во Република Македонија не постоеше, иако имаше услови, бидејќи имаше барање да има еден ваков закон кој, колку-толку, ќе се одвојат средства од буџетот на Македонија за да можат да се финансираат партиите, да може да се стопираат разните манипулации кои се извршени во текот на овие години, од страна на политичките партии.

Јас сакам да кажам односно да објаснам малку подобро неколку прашања кои се опфатени со овој закон, бидејќи од страна на предлагачот се вели дека тоа ќе биде еден транспарентен закон, а целосно се согласувам со тоа, ќе имаме една транспарентна работа на политичките партии.

Кога станува збор за финансирање на политички партии, да кажам, тие се финансираат на два начини: приватно финансирање и јавно финансирање. Јавното финансирање значи финансирање од Буџетот на Република Македонија каде се одвојуваат 0,06 или 0,08%, што ќе бидат еден сигурен извор за политичките партии, било парламентарни, или надвор од Парламентот, кои добиле најмалку 1% од избирачкото тело.

Другиот дел кој е многу клучен, за кој ние треба да расправаме е делот на приватното финансирање на политичките партии. Јас сакам отворено да кажам пред граѓаните дека овој закон нема да има голем успех се додека сеуште имаме празнини во постојните закони од другите сегменти, кога сеуште се реформираме во многу други сегменти. Но, добро е да усвоиме еден ваков закон, бидејќи ќе биде една многу јака основа за нашата утрешнина, но да не мислиме дека со донесувањето на овој закон на се ќе му ставиме крај. Јас не можам да разберам, навистина не можам да сватам кои се тие луѓе во Република Македонија кои ќе бидат донатори на политичките партии, без некој интерес од истите. Значи, праксата во текот на изминатите години, не само во Република Македонија, туку и во поширокиот регион па и секаде во светот, и во најдемократските држави, донациите, верувајте ми, треба да се вратат троструко назад. Јас не знам, иако донациите се ограничени се 200 плати, 100 плати итн, тие самите по себе создаваат еден вакум или една предност за криминални постапки внатре во самите партии, со тие луѓе кои

ќе донираат во политичките партии. Ние во Македонија имаме една состојба каде неколку политички партии имаат движен и недвижен имот, толку колку што имаат тие желба. Некои го имаат тоа наследено од поранешниот систем, како што се Социјалдемократите, Социјалистичката партија и неколку други партии, а некои тоа го стекнале, од 1990-2004 година, со своја пот и со работата што ја направиле на пазарите во Република Македонија. Сега во оваа состојба ние сме во една нерамноправна положба, некој ќе може да се финансира, да прибере средства од тоа што ќе ги даде своите простории под наем, другите ќе примаат разни камати од продажбата на нивниот имот, евентуално, или на разни начини ќе прибираат финансиски средства со кои ќе обезбедат нивно подобро работење. Другите кои немаат ниту седишта на партии, ќе чекаат пари кои ќе им дојдат од Буџетот на Република Македонија, така одвоени, за да можат да егзистираат. Значи ова не го поврзувам со законот. Законот е еден проект кој навистина ги регулира односите во оваа област, бидејќи на Македонија и требаше еден ваков закон, но ние почнуваме со нерамноправни чекори. Да ви кажам дека нашата партија има канцеларии под наем, а да се споредам со некои други нови политички партии кои имаат петкатни згради и по 30 канцеларии. Јас не знам како ќе стартираме ние како политички партии и како ќе имаме еден рамноправен старт. Тоа како прво.

Второ, не регулирајќи ги законите во другите области, несанкционирајќи ги сите тие кои го злоупотребуваат законот, јас не знам како може да дојде до израз овој закон, кој ќе го усвоиме. Јас навистина, сеуште не можам да разберам, контролата што ќе се извршува со овој закон, контролата од страна на Управата за јавни приходи и од Министерството за финансии, што се предвидува да се реши, дали се луди тие политички партии кои ќе ги торшат парите и ќе земаат донации кои ќе ги евидентираат во нивните политички партии, за вие да ги казните со вашата казнена политика што сте ја најавиле во овој закон. Значи се ќе оди на црно. Ништо нема да оди легално. Ништо нема да се евидентира, бидејќи се додека имаме корумпирана администрација, се додека се надувуваат цените на тендерите, ако се знае дека раководителот не може да земе 10% или 20% од секој тендер, тој нема да му ја даде работата. Сигурно дека тогаш не може да функционира овој закон кој ние денес го предлагаме. Затоа мислам дека најдобриот и единствениот начин на финансирање на политичките партии ќе биде Буџетот на Република Македонија и членството со одреден лимит, за да не биде повеќе од тоа што е предвидено со закон. Се друго нема да функционира, само ќе го донесеме законот и не ќе може законот да дојде до израз за да се лимитира и да го спречиме тоа што било како

постапка во текот на минатите години во Република Македонија. Затоа мислам дека времето ќе направи исправка на грешките кои се направени досега и законот е една добра основа за да се постигне тоа што ние како цел го имаме. Да не мислиме и да не бидеме илузионисти и да не го лажеме народот дека законот кој ќе го донесеме, со него се ќе биде во ред и дека во Македонија нема да има корупција, нема да има политички злосторства, од финансиски аспект говорам секогаш, за политичките финансиски злосторства каде се условуваат разни претпријатија од страна на разни институции, само со цел да ја добијат работата која треба да им се даде и понатаму политичките партии профитите што ќе ги стекнат од разните претпријатија, сигурно тие што се на власт ќе можат да ги злоупотребат средствата во текот на кампањата. Да не мислиме дека луѓето ќе бидат толку транспарентни и доколку има некоја донација да кажат отворено каде ќе се запише таа донација, во регистарот на политичките партии, за донации. Значи некој донатор или ќе донира, ќе даде средства за опозициските партии за да им влезат во очи на власта. Мислам неколку прашања добро се регулирани и со овој закон во пракса не ќе има ефекти односно не може да се регулираат така како што треба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Вејсели.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги повикувам сите пратеници да влезат во салата.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 55 гласале за, 4 воздржани и 5 гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за финансирање на политичките партии.

**Минуваме на 19-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.**

Предлогот за донесување на законот и дописите на Законодавно-правната комисија и на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, ви се доставени односно поделени.

Предлагачи на законот се пратениците, Марија Којзеклиска, Жарко Караџоски, Орданчо Тасев, Спиро Мавровски и Ѓорѓи Оровчанец.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете госпоѓо Којзеклиска имате збор.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Денес очигледно на седница на Парламентот ни се закони кои исклучива се однесуваат на политичките партии, како што беше Законот за политичките партии, пред малку го усвоивме Предлог законот за финансирање на политичките партии и сега на дневен ред ни е Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници.

Сите знаеме какви реакции предизвика овој закон, како резултат на определени претходни состојби, кои нормално, го продуцираат и предлагањето на овие измени и дополнувања на Законот за избор на пратеници.

Групата пратеници кои го поднесовме овој закон, првобитно го поднесовме заедно со Предлог на закон. Меѓутоа, по согледувањето на определени состојби, извршени консултации со експерти со меѓусебни консултации, сметавме дека овој закон треба да оди во две фази и затоа го повлековме Предлогот на законот.

Ќе ги наведам конкретните причини што баравме овој закон да оди во две фази.

Прво, не сакаме да ја дефокусираме јавноста  од референдумот, како што милуваат да кажат извесни загрижени субјекти. Значи не сакаме ние како пратеници да бидеме обвинувани дека, доколку референдумот не успее дека ние сме причина за неуспех на референдумот, за кое нешто, значи определени политички субјекти постојано не обвинуваат дека сме го одвлекувале вниманието на јавноста од референдумот, со поднесувањто на овој закон. Уште еднаш ќе повторам, за да не се дефокусира јавноста од референдумот, ние предлагаме овој закон да оди во две фази.

Втората причина е да се даде време и можност, во овој период меѓу двете фази, Уставниот суд на Република Македонија, доколку воопшто кај него и постои желба и по две години и по две иницијативи, токму во делот на закон за кон ние предлагаме измени, да излезе со своја одлука, пред притоа да има притосок од било која политичка партија, или институција на власта.

Инаку, лично сметам дека Уставниот суд на Република Македонија неоправдано долго ја држи во фиока иницијативата поднесена од господинот Павле

Трајанов пред две години. Значи не постои оправдана, или објективна причина. Сметам дека тука е во прашање субјективниот елемент.

Третата причина заради која бараме овој закон да оди во две фази во овој меѓупростор да се даде можност и време за овие измени да се изјасни и стручната јавност преку свои мислења и расправи што секако ќе има придонес при изготвувањето на конечната верзија на овој закон.

Четвртата причина додека тече ова време помеѓу двете фази да можеме да ги добиеме и мислењата и ставовите и на останатите политички партии во поглед на овој закон за да може на тој начин да дојдеме до опрделен компромис во регулирање на оваа материја.

Почитувани колеги, ќе се задржам на согледувањата на нас предлагачите на овој закон токму во делот на усогласеноста на Законот на овие спорни одредби со Уставот на Република Македонија. Имено, Уставот на Република Македонија е највисок правен акт во државата и во делот организација на државната власт, конкретно во членовите 62, 63, 64 и 65 се содржани одредби со кои се регулираат правата и обврските на пратениците. Посебно во членот 65 од Уставот на Република Македонија се уредени условите кога на пратеникот му престанува мандатот и согласно овој член постојат три основи по кои пратеникот го губи мандатот. Прво, ако самиот поднесе оставка. Второ, мандатот му престанува кога е осуден за кривично дело за кое е предвидена казна затвор од најмалку пет години. И третиот основ на пратеникот мандатот може да му биде одземен доколку неоправдано отсуствува од работата на Собранието повеќе од шест месеци и кога е осуден за кривично или друго казниво дело кое го прави недостоен за вршење на функцијата пратеник. Значи, согласно членот 65 од Уставот на Република Македонија постојат три основи кога пратеникот го губи мандатот.

Во 2002 година беше донесен Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија во кој се содржани и овие спорни одредби чии измени бараме. Овие одредби конкретно се задржани во Глава 8 престанување на мандатот и дополнителни избори во истиот закон. Одредбите кои предлагаме да се бришат се всушност од членот 101 став 1 алинеја 4 и 5. Сметам дека овие одредби се во директна спротивност со некои одредби од Уставот Република Македонија. За да ја видиме таа спротивставеност јас уште еднаш ќе ги прочитам алинејата 4 која вели: По негово барање, значи на пратеникот му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран, ако алинеја 4 по негово барање му престане членство во партијата и алинеја 5 изјави дека преминува во друга политичка партија. Вака

формулирани овие одредби директно се косат со неколку одредби од Уставот на Република Македонија, или конкетно ќе ви посочам на членот 16 од Уставот на Република Македонија став 1, се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Во членот 20 став 2 се вели: граѓаните можат слободно да основаат здружение на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат. Ние пред паузата го усвоивме и Законот за политички партии во членот 12 стоеше токму ваква формулација во ставот 2 дека пратениците членовите на политички партии можат слободно да истапуваат од политичките партии. Најизразената спротивност на овие две алинеи е во однос на членот 62 став 4 од Уставот на Република Македонија во кој децидно стои: пратениците неможат да бидат отповикани. Ако веќе во Уставот на Република Македонија  како највисок акт е утврдено и уредено дека пратениците не можат да бидат отповикани, тогаш во спорниот член 101 став 1 алинеја 4 и 5 потполно се негира оваа одредба од Уставот на Република Македонија односно имаме директно кршење на оваа одредба.

Од друга стана оваа одредба од Уставот е имплементирана и во самиот Закон за избор на пратеници и тоа во членот 8 став 1 во кој се вели дека пратениците неможат да бидат отповикани. Во самиот Закон за избор на пратеници постојат два дијаметрално спротивни ставови кои различно го уредуваат истото прашање, со тоа што уште еднаш ќе потврдам дека членот 101 став 1 алинеја 4 и 5 се во директна спротивност и со членот 8 од самиот Закон за избор на пратеници и со Уставот на Република Македонија член 62 став 4. Затоа ако во членот 8 од Законот за избор на пратеници е уредено дека пратеникот неможе да биде отповикан, тогаш не може со друга одредба во истиот закон да се вели дека на пратеникот му престанува мандатот ако по негово барање истапи од политичката партија, по негово барање му престане членството алинеја 4 и алинеја 5 изјави дека преминува во друга политичка партија. Исто така, во членот 62 од Уставот на Република Македонија став 3 се вели: пратеникот ги претставува граѓаните и во Собранието одлучува по свое уверување. Ова уставно право на пратеникот односно правото на негово слободно уверување во никој случај не може да биде ограничено или намалено со закон како што е тоа случај со овие две спорни алинеи. Ако веќе сега ние како држава се декларираме за почитување и влез во Европската Унија и НАТО алијансата и се декларираме дека нашата иднина е во Европска Унија, истовремено вршиме усогласување, затоа што сите закони кои дојдоа од Владата, една од основните причини беше усогласување на нашето законодавство со законодавството на

Европската унија. Значи, ако веќе вршиме усогласување на законодавството, сметам дека ние прво треба нашите закони да си ги усогласиме со највисокиот акт во државата, тоа е Уставот на Република Македонија паралелно и да ги усогласуваме со законите на Европската унија. Меѓутоа, ние мора да си го почитуваме Уставот на Република Македонија, дали тој има фабрична маана, или нема, тоа е Устав кој важи сега во Република Македонија и ние мораме да го почитуваме Уставот. Со самото тоа ние ќе им покажеме и на нашите граѓани и на Европската унија дека имаме цврсти намери да ги прифатиме нормите и правилата кои важат за државите во Европската унија, но пред се преку средување на состојбите во нашата држава, средување на состојбите во Република Македонија.Од сите овие причини почиувани колеги, знам дека ќе има дискусии по овој закон. Јас затоа бев кратка, јасна, концизна. Барам од вас да ги поддржите промените на овој закон во прва фаза. За втора фаза имаме време да разговараме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прво, да расчистиме една работа, вие како прво потпишана од предлагачите, претпоставувам дека сте и овластен предлагач за да имате право преку ред да се јавите за дискусија.

Има збор Каролина Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Господине претседателе, јас би сакала да ве замолам и вас и Собранието ако може тука да застанеме затоа што јас треба да го соопштам ставот на Пратеничката група на СДСМ, а мислам дека периодот од 8 минути нема да биде доволен, а се работи за многу сложено и важно прашање и мислам дека треба во една смирена атмосфера да се изложат сите аргументи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ја прекинувам седницата. Седницата ќе продолжи утре со почеток во 10,00 часот.

Утре ќе работиме до 16,00 часот.

(Седницата прекина во 15,55 часот).